СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 15 мај 1963

БЕЛГРАД

БРОЈ 19 ГОД. XIX

Цена на овој број е 80.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќ'а бр. 1. Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.

277.

Врз основа на членот 9 од Законот за фондовите за ризици во трговските претпријатија за промет на земјоделски прехранбени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/63), Сојузниот извршен совет денесува

УРЕДБА

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОВИТЕ ЗА РИЗИЦИ ВО ТРГОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА ПРОМЕТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Основица за пресметување на средствата што трговинско претпријатие ги внесува во фондот за ризици е вкупниот приход остварен со продажба на земјоделски прехранбени производи.

Ако во трговско претпријатие кое покрај земјоделски прехранбени производи продава и други стоки, не може по пат на книговодствената евиденција да се утврди вкупниот приход од ставот 1 на овој член, тој вкупен приход се утврдува со примена на процент врз вкупниот приход остварен со продажба на сите прехранбени производи. Овој процент претставува однос помеѓу набавната вредност на земјоделските прехранбени производи и набавната вредност на сите прехранбени производи, што ги набавило трговското претпријатие до крајот на периодот до кој се врши пресметувањето.

Член 2

Средствата што трговско претпријатие ги внесува во фондот за ризици се пресметуваат и уплатуваат на посебна сметка кај банката, во роковите предвидени за составување на периодичните пресметки.

Член 3

Трговско претпријатие е должно да води посебна евиденција за прометот на земјоделски прехранбени производи за кои можат да се користат средствата на фондот за ризици (чл. 2 и 8 на Законот за фондовите за ризици во трговските претпријатија за промет на земјоделски прехранбени производи).

Член 4

Трговско претпријатие може средствата на фондот за ризици да ги користи во текот на пресметковниот период, но само врз основа на посебна пресметка на негативната разлика во цената.

Член 5

Трговско претпријатие е должно периодичното пресметување на остварената разлика во цената за производите од членот 3 на оваа уредба да го врши по истекот на секое тримесечје, а конечното пресметување по истекот на годината. Пресметувањето се врши според наплатените износи за тие продадени производи.

Ако трговско претпријатие не може по пат на книговодствената евиденција да ја утврди остварената разлика во цената во смисла на ставот 1 од овој член, тоа разликата во цената ја утврдува со споредување на остварениот промет на производите од членот 3 на оваа уредба по продажните цени со остварениот промет на тие производи по набавните цени наголемени за износот на определените просечни трошоци на трговијата (маржа).

Остварениот промет по продажните цени од ставот 2 на овој член се утврдува со примена на процент врз вкупниот промет на сите земјоделски прехранбените производи. Овој процент претставува однос помеѓу набавната вредност на производите од членот 3 на оваа уредба и набавната вредност на сите земјоделски прехранбени производи, што ги набавило трговското претпријатие до крајот на пресметковниот период.

Член 6

Сојузниот секретаријат за трговија во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, ќе донесе поблиски прописи за водењето на евиденцијата од членот 3, за посебното пресметување на разликата во цената од членот 4 и за пресметувањето на разликата во цената од членот 5 на оваа уредба.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузен извршен совет

Р п. бр. 87
7 мај 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

278.

Врз основа на членот 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот и членот 119 став 2 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ" бр. 13/56 и 44/57), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ПОСТАВАЊЕТО И РАБОТАТА НА ЕМИСИОНИТЕ РАДИОСТАНИЦИ

Член 1

Во Уредбата за поставањето и работата на емисионите радиостаници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57) во членот 1 зборовите: „Управата за радиосообраќај." се заменуваат со зборовите: „Сојузниот сообраќаен инспекторат."

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

„Приемот и отправањето на емисии во внатрешниот и меѓународниот сообраќај во радио-телеграфски станици и во меѓународниот сообраќај во радио-телефонски станици можат да ги вршат само лица што имаат пропишана стручна спрема и овластување за работа во овие станици.

Со републички пропис ќе се определат органите на управата што ќе бидат надлежни за издава-

ње на овластувањето за работа во станиците од ставот 1 на овој член."

Член 3

Во членот 13 став 2 на крајот точката се заменува со запирка и по тоа се додаваат зборовите: „со тоа што републиката ќе ги определи со свој пропис органите на управата надлежни за издавање на дозволи за поставање и работа на овие радио-станици.".

Член 4

Оваа уредба влегува во сила по истекот на триесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ"

Сојузен извршен совет

Р. п. бр. 84
7 мај 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с р.

279.

Врз основа на членот 294 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57, 44/58, 1/59, 52/59, 27/60, 53/60, 52/61 и 31/62), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И ЗА НАГРАДУВАЊЕТО НА УМЕТНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ

Член 1

Во Уредбата за работните односи и за наградувањето на уметничкиот персонал („Службен лист на ФНРЈ", бр. 1/59, 28/60 и 20/61) во членот 26 се брише ставот 2.

Член 2

До донесувањето на статутите и правилниците во смисла на членот 13 од Уставниот закон за спроведување на Уставот договорите за ангажман за постојана уметничка работа и договорите за ангажман склучени на една година (пробен стаж), на кои им е продолжен рокот на траењето според Уредбата за дополнение на Уредбата за работните односи и за наградувањето на уметничкиот персонал („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/61), како и договорите за ангажман на кои по влегувањето во сила на оваа уредба им истекуваат две односно една година од денот на нивното склучување — можат да се откажат.

Договорите за ангажман на кои рокот на траењето им е продолжен можат да се откажат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Уредба, а договорите на кои им истекуваат две односно една година од денот на склучувањето — во рок од 30 дена од денот на истекот на тој рок.

Ако на договорите за ангажман од ставот 1 на овој член не е даден отказ во рок од 30 дена, договорите се продолжуваат согласно со одредбите од членот 12 на Уредбата за работните односи и за наградувањето на уметничкиот персонал.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за дополнение на Уредбата за работните односи и за наградувањето на уметничкиот персонал („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/61).

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузен извршен совет

Р. п. бр. 85
7 мај 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

280.

Врз основа на членот 228 точка 12 во врска со членот 160 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и со членот 11 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ" бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ ПОМЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И ДРЖАВАТА КУВАЈТ И ЗА ОТВОРАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ПРЕТСТАВНИШТВА ВО РАНГ НА ПРАТЕНИШТВО ВО ТИЕ ЗЕМЈИ

1. Се воспоставуваат дипломатски односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Државата Кувајт.

Се отворааат дипломатски претставништва во ранг на пратеништво во тие земји.

2. Државниот секретар за надворешни работи ќе преземе мерки за извршување на оваа одлука.

3 Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузен извршен совет

Р п. бр. 86
7 мај 1963 године
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

281.

Врз основа на членот 19 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА СОВЕТОТ ЗА ПРАШАЊАТА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ

1. Советот за прашањата на иселениците (во понатамошниот текст: Советот), основан со Уставниот закон за спроведување на Уставот, го сочинуваат претседател, секретар и 18 членови.

Претседателот и секретарот на Советот ги именува Сојузниот извршен совет.

По еден член на Советот делегираат: Државниот секретаријат за надворешни работи, Сојузниот секретаријат за внатрешни работи, Сојузниот секретаријат за трудот, Сојузниот секетаријат за информации, Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика, Сојузниот комитет за туризам, Сојузната комисија за верски прашања, Југословенскиот црвен крст, Комисијата за културни врски со странство, Управата за царини, Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Културно-просветниот совет на Југославија и републичките матици на иселениците.

2. Советот има своја претсметка на приходите и расходите.

Наредбодавец по претсметката на приходите и расходите е претседателот на Советот.

Претседателот на Советот е наредбодавец и за средствата што во сојузниот буџет се обезбедуваат за културно-просветна и информативно-пропагандна дејност помеѓу иселениците.

3. Советот донесува правилник за организацијата и работата на Советот, во согласност со Сојузниот извршен совет.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за Советот за прашањата на иселениците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/58).

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 93
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар.
др **Миливој Рукавина**, с. р.

Потпретседател,
Едвард Кардељ, с. р.

282.

Врз основа на членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, заради примена на чл. 80 и 132 од Законот за пензиското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/57, 44/58, 27/59, 48/59, 10/61, 22/62 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕНЗИЈА СПОРЕД ЧЛ. 80 и 132 НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

1. До донесувањето на закон за пензиското осигурување со кој ќе се регулира прашањето на правото на пензија на лицата што вршат највисоки должности во претставничките органи и во нивните политичко-извршни органи или други должности од посебно значење, на овие лица пензијата ќе им се признава врз основа на членот 80 од Законот за пензиското осигурување според одредбите од оваа одлука.

2. Според одредбите од оваа одлука пензија им се признава:

1) на пратеници на постојани должности во Сојузната скупштина и Сојузниот извршен совет што за својата работа примаат постојана месечна награда;

2) на избрани лица на постојани должности во највисоки органи на општествено-политички организации што својата дејност ја вршат на целата територија на Југославија (Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија, Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народа на Југославија, Сојузот на синдикатите на Југославија, Централниот одбор на Сојузот на борците од Народноослободителната војна, како и другите слични организации), кои за својата работа примаат постојана месечна награда;

3) на сојузни државни секретари, сојузни секретари и на функционери на други должности од посебно значење во органи на сојузната управа, на воени раководители на определени највисоки должности во Југословенската народна армија, како и на функционери на должности од посебно значење во највисоките органи на определени самоуправни организации што својата дејност ја вршат на целата територија на Југославија;

4) на избрани лица на определени постојани должности во претставнички тела на општествено-политичките заедници на територијата на републиката и во нивните политичко-извршни органи, кои за својата работа примаат постојана месечна награда, на републички секретари и на функционери на други соодветни должности од посебно значење во органи на републичката управа, како и на избрани лица на постојани должности од посебно значење во највисоки органи на определени самоуправни организации што својата дејност ја вршат на целата територија на републиката кои за својата работа примаат постојана месечна награда;

5) на избрани лица на постојани должности во највисоки органи на општествено-политички организации на територијата на републиката, наведени во овој став под 2, кои за својата работа примаат постојана месечна награда.

До донесувањето на соодветни прописи, Сојузниот извршен совет со посебно решение поблиску ги определува организациите и должностите од ставот 1 на оваа точка на кои на лицата што ги вршат тие должности ќе им се признае пензија според оваа одлука.

3. Лична пензија според одредбите од оваа одлука му се признава на лице што најмалку 8 години ги вршело соодветните должности од точката 2 на оваа одлука, ако има најмалку 30 години пензиски стаж, без оглед на годините на животот, и ако таква должност вршело непосредно пред признавањето на пензијата.

4. Личната пензија на лицата од точ. 2 и 3 на оваа одлука изнесува 85% од просечниот месечен износ на личниот доход остварен по последната година пред пензионирањето.

По исклучок, согласно со начелото од членот 70 на Законот за пензиското осигурување се зголемува личната пензија на 100% од просечниот месечен износ на личниот доход остварен во последната година пред пензионирањето на лицата што имаат над 30 години пензиски стаж:

1) ако најмалку 12 години вршеле највисоки должности во сојузен претставнички или политичко-извршен орган (точка 2 став 1 под 1 и 3), или според значењето на тие највисоки должности соодветни должности во републички претставнички или политичко-извршни органи, или според значењето соодветни должности во највисоки органи на општествено-политички организации што својата дејност ја вршат на целата територија на Југославија односно на целата територија на републиката, или највисоки должности во Југословенската народна армија;

2) ако вршеле најмалку 12 години други должности од точката 2 на оваа одлука, а биле долгогодишни истакнати револуционерни работници.

До донесувањето на соодветни прописи, Сојузниот извршен совет поблиску ќе ги определи највисоките должности во смисла на ставот 2 од оваа точка за кои ќе се определува лична пензија во износ од 100% од личниот доход од тој став.

5. На лица што вршеле должности во сојузни органи и организации, а кои покрај личен доход редовно примале и постојан додаток определен според значењето на службата односно друго примање или надоместок, покрај пензијата определена според точката 4 на оваа одлука им се исплатува и додаток на личната пензија.

Додатокот на личната пензија по основот на постојан додаток определен според значењето на службата се определува од последниот износ на тој постојан додаток, во процентот со кој е определена личната пензија (точка 4 ст. 1 и 2).

Додатокот на личната пензија по основот на други примања или надоместоци се определува во процент од пензијата што ѝ одговара на сразмерата помеѓу износот односно вредноста на тоа примање или надоместок и износот на личниот доход, со тоа што да не може да надмине 40% од износот на пензијата (точка 4 ст. 1 и 2).

По исклучок, Сојузниот извршен совет може да го определи овој додаток и во поголем износ од износот предвиден во ставот 3 на оваа точка за лицата што вршеле највисоки државни и политички функции

Додатокот на личната пензија определен според оваа точка се исплатува на товар на средствата на сојузниот буџет. Овој додаток се исплатува месечно, заедно со пензијата.

6. На лицата што вршеле должности во сојузни органи и организации, а на кои им е признаена лична пензија според оваа одлука (точ. 2 и 3), им се исплатува на товар на средствата на сојузниот буџет отпратнина во височина на тројниот износ на личниот доход исплатен за последниот месец пред пензионирањето.

Отпратнината се исплатува одеднаш, при првата исплата на пензијата.

7. Републиките можат да установат додаток на личната пензија и отпратнина, под условите и до износите што се утврдени со оваа одлука, за лицата што вршеле должности во органи и организации на територијата на републиката а на кои им е признаена пензија според оваа одлука (точ. 2 и 3). Овој додаток и отпратнина се исплатуваат на товар на средствата на републичкиот буџет.

8. Лична пензија според оваа одлука може да им се признае и на:

1) истакнати и долгогодишни револуционерни работници, како и на лица особено заслужни поради нивната општествено-политичка, научна, културна, стопанска или друга дејност, без оглед на условите за признавање на пензија според оваа одлука односно за здобивање со правото на пензија според Законот за пензиското осигурување;

2) лица што вршеле некои од должностите од точката 2 на оваа одлука и ги исполнуваат условите за признавање на личната пензија според оваа одлука, а во моментот на пензионирањето не се наоѓале на тие должности;

3) лица што подолго време биле на одговорни должности во државни органи и општествено-политички организации кои не се предвидени во точката 2 на оваа одлука, ако најмалку 8 години ги вршеле тие должности и имаат најмалку 30 години пензиски стаж.

На лицата од ставот 1 под 2 на оваа точка пензијата им се определува според точката 4 на оваа одлука, според должностите што ги вршеле порано, и тоа од износот што му одговара на личниот доход определен за таа должност во времето на признавањето на личната пензија.

На лицата од ставот 1 под 1 и 3 на оваа точка пензијата им се определува за секој одделен случај, согласно со начелата од оваа одлука.

На лицата од ставот 1 на оваа точка може покрај пензијата да им се определи и додаток на личната пензија во смисла на точката 5 од оваа одлука, ако покрај личниот доход редовно примале и постојан додаток односно друго примање или надоместок.

9. Во случај на смрт на лице од точката 2 на оваа одлука што ги исполнувало условите за признавање на лична пензија според оваа одлука (точка 3), односно во случај на смрт на уживател на пензија на кој пензијата му е определена според оваа одлука, на членовите на неговата фамилија, ако ги исполнуваат условите за здобивање со правото на фамилијарна пензија според Законот за пензиското осигурување, им припаѓа фамилијарна пензија определена во процент од износот на личната пензија што би му била признаена на умреното лице според точката 4 од оваа одлука односно од личната пензија што му припаѓала на уживателот на пензијата во моментот на смртта. Фамилијарната пензија се определува во процент од личната пензија според бројот на членовите на фамилијата, а според Законот за пензиското осигурување.

Во случај на смрт на лице од точката 8 на оваа одлука на кое за време на животот не му била признаена лична пензија, на членовите на неговата фамилија, без оглед дали ги исполнуваат законските услови за здобивање со правото на фамилијарна пензија, како и на членовите на фамилијата на лице од ставот 1 на оваа точка ако тие членови не ги исполнуваат со закон пропишаните услови за здобивање со правото на фамилијарната пензија, може да им се признае фамилијарна пензија во височината што се определува за секој одделен случај.

10. На лицата од точката 2 на оваа одлука што ги исполнуваат условите за признавање на лична пензија според оваа одлука, а кои правото на пензија ќе го остварат според Законот за пензиското осигурување а не според оваа одлука, им припаѓа покрај таа пензија додаток на пензијата според точката 5 од оваа одлука ако покрај личниот доход редовно примале и постојан додаток односно друго примање или надоместок. На овие лица им припаѓа и отпратнина според точката 6 од оваа одлука.

11. За признавање на пензиите според оваа одлука решава Административната комисија на Сојузниот извршен совет, согласно со членот 40 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62). Решенијата за признавање на пензијата Административната комисија ги доставува заради извршување до надлежниот комунален завод за социјално осигурување преку републичкиот завод за социјално осигурување.

12. До донесувањето на закон за пензиското осигурување износите на пензиите определени според оваа одлука ќе се зголемуваат во согласност со општото зголемување на другите пензии врз основа на закон или посебни прописи.

13. Покрај признавањето и определувањето на пензија според оваа одлука, Административната комисија на Сојузниот извршен совет може врз основа на чл. 80 и 132 од Законот за пензиското осигурување по исклучок да признава пензија и во други случаи што не се предвидени во оваа одлука, ако постојат посебни причини за тоа. Височината на таа пензија се определува за секој одделен случај.

14. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 88
29 април 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р. — Потпретседател, **Едвард Кардељ**, с. р.

283.

Врз основа на членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД СТОПАНСКИТЕ РЕЗЕРВИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Од средствата на стопанските резерви на федерацијата што се формираат според точката 5 од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1963 година, на сојузниот буџет за 1963 година му се доделува износ од 400 милиони динари за исплата на регреси во областа на индустријата.

2. Одредбата од точката 1 на оваа одлука ќе се применува од 1 мај 1963 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р п. бр. 105
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р. — Потпретседател, **Едвард Кардељ**, с. р.

284.

Врз основа на членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД СТОПАНСКИТЕ РЕЗЕРВИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПРЕЧЕКОРУВАЊАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ГАРАНТИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ

1. Од средствата на стопанските резерви на федерацијата, што се формираат според точката 5 од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1963 година, му се доделува на Општиот инвестиционен фонд износ од 10.129 милиони динари за давање кредити на општествените инвестициони фондови на Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Црна Гора и Автономна Покраина Косово и Метохија за кредитирање во 1963 година на пречекорувањата на трошоците за изградба на гарантираните инвестиции во областа на индустријата и рударството, што според сојузните прописи Југословенската инвестициона банка не е должна да ги покрие од средствата на Општиот инвестиционен фонд.

Од средствата утврдени во ставот 1 на оваа точка ќе се намири и привременото кредит за пречекорувањата на трошоците на изградбата на гарантираните инвестиции на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора во износ од 2,500 милиони динари.

2. Кредитите од точката 1 на оваа одлука општествените инвестициони фондови можат да им ги даваат само на инвеститорите со кои се склучени договори за кредит од средствата на Општиот инвестиционен фонд до крајот на 1960 година. Овие кредити можат да се даваат само до вкупниот износ од точката 1 на оваа одлука, колку, според податоците на Југословенската инвестициона банка на 31 декември 1962 година во рамките на вкупното пречекорување на трошоците за изградба на гарантираните инвестиции, е утврден износот на пречекорувањата на трошоците за изградба на гарантираните инвестиции во 1963 година.

Како објекти за чие финансирање се склучени договори за кредит во смисла на ставот 1 од оваа точка, се сметаат и инвестиционите објекти од списокот на гарантираните инвестиции чија изградба е започната врз основа на претходно финансирање од страна на Југословенската инвестициона банка а за кои конечните договори за кредит се склучени по 31 декември 1960 година.

3. Југословенската инвестициона банка ќе им ги одобрува кредитите на општествените инвестициони фондови од точката 1 на оваа одлука со рок за враќање од 5 години и со интерес по нормата од 3% годишно. Другите услови на кредитите ќе ги утврди банката.

Ануитетите по овие кредити му припаѓаат на Општиот инвестиционен фонд.

4. Општествените инвестициони фондови од точката 1 на оваа одлука ќе ги враќаат кредитите со годишни отплати, со тоа што првата отплата да изнесува 10%, втората отплата — 15%, а другите три отплати — по 25% од износот на кредитите.

Првата отплата на кредитот стасува во рок од шест месеци по истекот на годината во која е искористен кредитот.

5. Општествените инвестициони фондови од точката 1 на оваа одлука ќе ги одобруваат кредитите согласно со одредбите од оваа одлука, со рок за враќање и со интерес по нормата што ќе ја утврди органот што располага со средствата на тие фондови.

6. Југословенската инвестициона банка ќе ја врши контролата на наменската употреба на средствата на кредитите дадени во смисла на одредбите од оваа одлука.

7. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 103
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р.

Потпретседател, **Едвард Кардељ**, с. р.

285.

Врз основа на членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот и точката 17 од главата XII на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАСОЧНИЦИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА НА ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ИНВЕСТИЦИИ

1. Југословенската инвестициона банка ќе ја финансира изградбата на објектите на електростопанството и на црната металургија со средствата од Општиот инвестиционен фонд предвидени за инвестиции во областа на индустријата и рударството, и тоа:

1) заради покривање на кусоците на електрична енергија што се очекуваат во 1967 и 1968 година, како и заради обезбедување на преносот на електрична енергија заклучно со 1966 година:

а) изградбата на електрани со вкупна сила од 760 MW со капацитет на производството во средна сушна година од околу 3.400 GWh, со тоа до крајот на 1966 година да се изградат 330 MW со производство од 1.500 GWh, а до крајот на 1967 година — 430 MW со производство од 1.900 GWh.

Ако Југословенската инвестициона банка одлучи во рамките на изградбата на нови капацитети на електростопанството да ја финансира изградбата на термоелектрани, ќе ги финансира, по потреба, и соодветните капацитети на рудниците на јаглен;

б) изградбата на нови далекуводи и трансформаторски станици кои треба да обезбедат пренос на електрична енергија од електраните што влегуваат во погон заклучно со 1966 година, како и за постојните капацитети;

2) заради обезбедување континуитет во изградбата на капацитетите за црната металургија — изградбата на рудници и железарници за кои Југословенската инвестициона банка веќе одобрила кредити, со тоа да се оствари вкупен капацитет од 3,2 милиони тони суров челик.

2. Југословенската инвестициона банка може да ги ангажира средствата од Општиот инвестиционен фонд во 1963 и во наредните години, и тоа за:

1) финансирање на изградбата на електрани (точка 1 под 1 под а) — до вкупниот износ од 128 милијарди динари;

2) финансирање на изградбата на далекуводи и трансформаторски станици (точка 1 под 1 под б) — до вкупниот износ од 10 милијарди динари.

3. За финансирање на изградбата на рудници и железарници (точка 1 под 2), Југословенската инвестициона банка може да ангажира средства од Општиот инвестиционен фонд до вкупниот износ од 357 милијарди динари, со тоа што вложувањата од Општиот инвестиционен фонд во 1963 и во наредните години да изнесуваат најмногу 315,5 милијарди динари.

4. Југословенската инвестициона банка ќе изврши избор на објектите од точката 1 под 1 на оваа одлука што ќе ги финансира според важечките прописи, со тоа што ќе ги одбере оние објекти со чие пуштање во погон ќе се обезбедат потребите на енергетскиот биланс.

Изборот на објектите од ставот 1 на оваа точка Југословенската инвестициона банка ќе го изврши во спогодба со стопанската банка на републиката и со Заедницата на југословенското електростопанство.

Сојузниот секретаријат за финансии може да пропише изборот на објектите од ставот 1 на оваа точка да се врши според упростена постапка, како и да може да се врши одобрување на кредити и со непосредна погодба.

5. При утврдувањето на динамиката на финансирањето на изградбата на рудниците и железарниците според одредбите од точката 1 под 2 на оваа одлука Југословенската инвестициона банка е должна да води сметка за усогласувањето на изградбата на капацитетите за производство на суровини, полупроизводи и финални производи на црната металургија, за договарање што покуси рокови за довршување на изградбата на тие капацитети согласно со најповолните можности за проектирање и изградба, како и за усогласеноста на изградбата на тие капацитети со транспортните капацитети.

За динамиката на финансирањето на изградбата и усогласеноста на изградбата на капацитетите од ставот 1 на оваа точка Југословенската инвестициона банка ќе му поднесува образложени извештаи на Сојузниот извршен совет.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 99
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р.

Потпретседател, **Едвард Кардељ**, с. р.

286.

Врз основа на членот 8 став 1 од Законот за Сојузниот буџет за 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРОГРАМАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1963 ГОДИНА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ШУМАРСТВОТО

1. Средствата за унапредување на земјоделството и шумарството предвидени во 5 дел, 1 раздел, главата 3, партијата 260 на сојузниот буџет за 1963 година, ќе се користат до вкупниот износ од 462,500.000 динари за намените од Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1963 година за унапредување на земјоделството и шумарството (во понатамошниот текст: Програмата), што е составен дел од оваа одлука.

2. Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство може да ја условува употребата на средствата распоредени со Програмата со учество од други извори до височината на износот на учеството предвидено за одделни намени во Програмата.

3. Средствата што врз основа на членот 8 став 3 од Законот за Сојузниот буџет за 1963 година се доделувани за земјоделството и шумарството за привремено финансирање на потребите од Програмата, влегуваат во износот од 462,500.000 динари од точката 1 на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 100
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
др **Миливој Рукавина**, с. р.

Потпретседател,
Едвард Кардељ, с. р.

287.

Врз основа на членот 8 од Законот за Сојузниот буџет за 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРОГРАМАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1963 ГОДИНА ЗА ВОДОСТОПАНСТВО

1. Средствата за водостопанство предвидени во 5 дел, 1 раздел, главата 3, партија 5-259 на сојузниот буџет за 1963 година можат да се користат до износот од 500 милиони динари за намените од Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1963 година за водостопанство (во понатамошниот текст: Програмата), која е составен дел од оваа одлука.

2. Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство, како носител на средствата од точката 1 на оваа одлука, може за извршување на работите по позициите од 1 до 5 на Програмата да склучува со републичките органи на управата надлежни за водостопанство договори за пренесување врз тие органи на извршувањето на дел од Програмата, со тоа што републичките органи на управата надлежни за водостопанство да го организираат извршувањето на соодветниот дел од Програмата, да договараат работи со непосредните изведувачи на работите, да го контролираат извршувањето на договорените работи и да даваат налози за исплата на привремените ситуации на товар на акредитивите отворени од страна на Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство.

Технички преглед и конечно пресметување на извршените работи што ги договориле републичките органи на управата надлежни за водостопанство со изведувачите на работите (колаудација) врши републичкиот орган на управата надлежен за водостопанство преку комисија од која еден член е претставник на Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство.

3. Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство може да ги пренесе своите права на инвеститор во поглед на изведувањето на работите во режија, во смисла на Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/61) врз републичките органи на управата надлежни за водостопанство.

4. Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство врши општ надзор над извршувањето на Програмата и над употребата на средствата предвидени со Програмата.

5. Средствата што врз основа на членот 8 став 3 од Законот за Сојузниот буџет за 1963 година се доделувани за водостопанство за привремено финансирање на потребите од Програмата, влегуваат во износот од 500 милиони динари од точката 1 на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 101
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
др **Миливој Рукавина**, с. р.

Потпретседател,
Едвард Кардељ, с. р.

288.

Врз основа на членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗДАТОЦИТЕ ШТО НЕ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО ТРОШОЦИ ПРИ ОБЛОГОТ СО ДАНОК НА ДОХОД

1. Платените такси на орудијата за производство и предметите во граѓанска сопственост според членот 51а од Законот за административните такси („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/59, 23/61 и 53/62) не се признаваат во трошоците и не можат да се одбијат од бруто приходот при облогот (пресметувањето) со данок на доход на обврзниците на данокот на доход од самостојни занимања и друг имот.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува и на облогот со данок на приходите остварени во 1963 година.

Р. п. бр. 91
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
др **Миливој Рукавина**, с. р.

Потпретседател,
Едвард Кардељ, с. р.

289.

Врз основа на членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ ЗАЕДНИЦАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ ВРШИ ПОСЕБНО НАСОЧУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА ТОВАРНИТЕ КОЛИ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ

1. За време на зголемените потреби од превоз Заедницата на Југословенските железници е должна да врши посебно насочување на употребата на определен број товарни коли заради подмирување на оние потреби од превоз што се од посебен интерес за општествената заедница, а особено за подмирување на потребите од зголемен увоз и транзит преку поморските луки, за обезбедување

на потребите од извоз, за подмирување на вонредните потреби од снабдување на определено стопанско подрачје или гранка на стопанството и слично, со тоа што тој број да не смее да премине 10% од вкупниот број на колите на одделни железнички транспортни претпријатија што се наоѓаат во сообраќај.

2. Генералниот директор на Заедницата на Југословенските железници ја утврдува потребата од посебно насочување на употребата на товарни коли во случаите од точката 1 на оваа одлука и го определува обемот на ова посебно насочување во рамките на бројот на колите предвиден во точката 1 од оваа одлука, по претходно прибавено мислење од Сојузната стопанска комора.

Сојузната стопанска комора може да му предложи на генералниот директор на Заедницата на Југословенските железници воведување на посебно насочување на употребата на товарните коли.

По барање од Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски генералниот директор на Заедницата на Југословенските железници е должен да воведе посебно насочување на употребата на товарните коли.

3. Работите во врска со посебното насочување на употребата на товарните коли ги организира и ги врши генералниот директор на Заедницата на Југословенските железници.

4. Железничките транспортни претпријатија се должни да ги извршуваат налозите за посебното насочување на употребата на товарните коли издадени според точ. 1 и 2 на оваа одлука и првенствено да ги подмируваат потребите од превоз на стоките заради кои е воведено посебното насочување на употребата на товарните коли.

5. Одредбите од членот 27 ст. 4 и 5 на Законот за организацијата на Југословенските железници („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/63) согласно важат и за товарните коли што се употребуваат врз основа на посебно насочување на употребата на тие коли.

6. Бројот на товарните коли што му се обезбедуваат на железничкото транспортно претпријатие според членот 27 став 2 на Законот за организацијата на Југословенските железници сразмерно се намалува ако се определи посебно насочување на употребата на товарните коли од страна на Заедницата на Југословенските железници.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 94
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Едвард Кардељ**, с. р.

290.

Врз основа на точка 3 став 2 од Одлуката за покривање на непокриените кусоци во фондовите на заводите за социјално осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА РОКОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА КРЕДИТИТЕ ОДОБРЕНИ НА ЗАВОДИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА КУСОЦИТЕ

1. Кредитите одобрени во смисла на точката 3 став 1 од Одлуката за покривање на непокриените кусоци во фондовите на заводите за социјално осигурување — на комуналните и републичките заводи за социјално осигурување за покривање на вишоците на расходите над приходите, овие заводи ќе ѝ ги вратат на банката најдоцна за десет години во еднакви годишни отплати. Првата отплата стасува за плаќање на 31 март 1964 година, а понатамошните отплати — до 31 март за изминатата година.

Со спогодба помеѓу банката и заводите за социјално осигурување може да се утврди рок за враќање на кредитот покус од 10 години ако постојат услови за тоа со оглед на обемот на обврските и економската состојба на одделни фондови за социјално осигурување.

2. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 90
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Едвард Кардељ**, с. р.

291.

Врз основа на членот 117 став 3 од Законот за банките („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61, 30/62 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ПО СМЕТКИТЕ И ДРУГИ ДЕПОЗИТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Одлуката за користење на средствата по сметките и други депозити на земјоделските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/61) престанува да важи

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 89
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
др **Миливој Рукавина**, с. р. **Едвард Кардељ**, с. р.

292.

Врз основа на членот 161 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57, 44/58, 1/59, 52/59, 27/60, 53/60, 52/61 и 31/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПОСЕБЕН ДОДАТОК НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

1. Одлуката за доделување посебен додаток на службениците на сојузните органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/60) престанува да важи.

2. По влегувањето во сила на оваа одлука сите средства што со сојузниот буџет за 1963 година се предвидени на позицијата плати, по издвојувањето на средствата за основни плати, ќе се употребат за положајни плати.

3. Износот на посебниот додаток доделен на службениците според решенијата донесени врз основа на Одлуката за доделување посебен додаток на службениците на сојузните органи на управата, ѝ се додава на положајната плата на службениците и нејзин е составен дел.

4 Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 104
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р.
Потпретседател, **Едвард Кардељ**, с. р.

293.

Врз основа на членот 123 став 2 од Законот за средствата на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/61, 30/62 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НОРМИТЕ НА АМОРТИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Во Одлуката за нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/57, 7/58, 9/61 и 51/61) по одделот IIг се додава нов оддел IIд, кој гласи:

„Рудниците на јаглен можат во 1963 година да ја пресметуваат и уплатуваат амортизацијата, за сите групи или за некоја од групите на основните средства на вредноста на основните средства утврдена пред извршената ревалоризација според Одлуката за спроведување на ревалоризацијата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/62)."

2 Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 102
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р.
Потпретседател, **Едвард Кардељ**, с. р.

294.

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за сојузниот буџет за 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ КУПУВАЊЕТО НА ВЕШТАЧКО ЃУБРЕ И СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ШУМАРСТВОТО

1. Во Одлуката за давање регрес при купувањето на вештачко ѓубре и средства за заштита на растенијата за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/61, 31/62 и 42/62) во точката 3 став 1 по одредбата под 13 се додаваат две нови одредби, кои гласат:

„14) Тројни сложени комплексни ѓубриња со 36% (NPK) 12:12:12 — — 29.000

15) Гранулирано двојно комбинувано ѓубре со 35% (NP) 25 : 10 — — — 35.000".

По ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Цените од одредбите под 14 и 15 на ставот 1 од оваа точка важат за ѓубре од увозот продадено од 1 април 1963 година на крајните потрошувачи од точката 1 став 1 под 1 до 5 и 7 на оваа одлука."

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 92
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, **др Миливој Рукавина**, с. р.
Потпретседател, **Едвард Кардељ**, с. р.

295.

Врз основа на членот 9 став 1 од Законот за формирањето на комисии за спроведување на прописите за расподелба на чистиот приход на стопанските организации и установите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/62), Сојузниот извршен совет пропишува

УПАТСТВО

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЧЕЛАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЧИСТИОТ ПРИХОД НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

I. Општи одредби

1. Стопанската организација врши распределба на остварениот чист приход на средства за лични доходи и заедничка потрошувачка и на средства за деловни цели, врз основа на својот правилник за распределба на чистиот приход.

2. Стопанската организација во правилникот за распределба на чистиот приход ја утврдува политиката и пропорциите на распределбата на чистиот приход според своите услови и потреби, тргнувајќи од општите насочници утврдени со општествените планови, а посебно од насочниците на политиката на реалните лични доходи, и од постигнатите резултати согледани врз основа на општите показатели на деловните успеси, во согласност со начелото за распределба според трудот и другите општествени начела утврдени со закон.

3. Основите и мерилата за остварување на политиката и пропорциите на распределбата на чистиот приход стопанската организација ги утврдува самостојно во правилникот за распределба на чистиот приход.

II. Начела на распределбата на чистиот приход

4. Кога ја утврдува и спроведува политиката на распределбата на чистиот приход стопанската организација се раководи со следниве начела:

1) во согласност со принципот за распределба според трудот, да издвојува за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците средства зависно од постигнатата продуктивност на трудот и деловниот успех, водејќи сметка за условите под кои се остварува чистиот приход;

2) заради обезбедување на постојаниот развој на материјалната основа на својата дејност како услов за поголема продуктивност на трудот и подобар стандард на работниците да издвојува средства за деловни вложувања зависно од деловниот успех и од големината на деловните средства што ги користи, а во согласност со долгорочната политика на својот развој.

Во интерес на постојаниот пораст на продуктивноста на трудот и на засилувањето на својата деловна способност, стопанската организација, по правило, се стремее кон релативно побрз пораст на средствата за деловни вложувања од средствата за лична и заедничка потрошувачка.

5. Стопанската организација го оценува својот деловен успех споредувајќи го со деловниот успех што го остварила во поранешните периоди и со деловниот успех што го остваруваат сродни стопански организации.

Ке се смета дека стопанската организација остварила подобар деловен успех во однос на поранешниот период на своето работење односно во однос на работењето на сродни стопански организации ако остварила поголем нето продукт, од кој обезбе-

дува поголема акумулација и поголеми средства за лична потрошувачка на работниците.

Ако при распределбата на чистиот приход утврди дека, во споредување со своите резултати од поранешните периоди или со резултатите на сродни стопански организации, нејзините односи во распределбата не се во согласност со резултатите што ги постигнува, стопанската организација треба во идно постапно да постигне таква усогласеност со подобрување на своите деловни резултати односно со пригодување на пропорциите на распределбата во својот правилник.

6. Остварувајќи ја сестраната заинтересираност за поголема продуктивност на трудот и за подобро работење, стопанската организација ги распределува личните доходи така што личниот доход на секој работник да е одраз на резултатите на неговата лична работа, успехот на економската или друга работна единица во која работи и на стопанската организација како целина.

III. Споредување и оценување на деловниот успех

7. Споредувањето и оценувањето на деловниот успех стопанската организација го врши со помош на показателите со кои се овозможува согледување на постигнатиот степен на продуктивноста на трудот и ефикасност на користењето на средствата на стопанската организација, како што се: големината на остварениот нето-продукт на еден работник и според вложените средства, големината на чистиот приход на еден работник и според вложените средства, личниот доход на еден работник и слично.

8. Стопанските организации можат непосредно да се спогодуваат за воведување и користење на единствени показатели на деловниот успех.

9. Заради давање помош на стопанските организации во искажувањето на резултатите, Сојузниот секретаријат за трудот, Централниот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија и Сојузната стопанска комора можат да се спогодуваат за единствените показатели на деловниот успех на стопанските организации. По потреба, тие можат да склучуваат посебни спогодби за единствени показатели за одделни стопански дејности, гранки или групи на стопански организации.

10. Стопанските организации се должни да ги применуваат единствените показатели утврдени со спогодбата од точката 9 на ова упатство.

11. Покрај единствените показатели усвоени со спогодбата од точката 9 на ова упатство, сродните стопански организации можат да се договараат непосредно или преку комора и другите организации за воведување и применување и на други показатели што им одговараат на нивните специфичности.

12. Користејќи ги показателите на деловниот успех, стопанските организации ќе соработуваат заради вршење на заеднички анализи и ќе се договараат за решавањето на заедничките проблеми, за размената на искуства и за давањето на заемна помош.

13. Службата на општественото книговодство ги објавува податоците и показателите со кои се овозможуваат споредувањата во смисла на ова упатство.

IV. Постапка при распределбата

14. Политиката и пропорциите на распределбата на чистиот приход и другите одлуки во врска со распределбата ги утврдува и донесува работничкиот совет на стопанската организација. Со претходно консултирање на работните единици и по пат на други форми на непосредно одлучување работничкиот совет обезбедува пошироко учество на членовите на работната заедница во донесувањето на одлуките.

15. Стопанската организација го распределува чистиот приход во одделни деловни периоди во текот на годината и ја определува висината на аконтациите за лични доходи, што ги зема од банката во текот на деловните периоди во согласност со пропорциите и мерилата утврдени во нејзините правилници.

Усогласеноста на распределбата врз основа на завршната сметка или периодичните пресметки односно на аконтациите во текот на пресметковниот период со усвоените пропорции и мерила се утврдува врз основа на правилниците на стопанската организација. За таа цел стопанската организација е должна да ѝ ги даде на Службата на општественото книговодство своите правилници на увид.

16. Ако условите на работењето на стопанската организација привремено се променат, работничкиот совет на стопанската организација може да одлучи да се отстапи од однапред утврдените пропорции и мерила на распределбата. Со правилникот за распределба на чистиот приход се определуваат условите под кои работничкиот совет може да донесе одлука за отстапување од усвоените пропорции и мерила на распределбата на чистиот приход.

Ако условите на работењето трајно се променат стопанската организација ќе ги пригоди кон тие промени пропорциите и мерилата на распределбата во правилникот за распределба на чистиот приход.

V. Општествен надзор

17. Спроведувањето на прописите и примената на начелата за распределба на чистиот приход на стопанските организации ги обезбедуваат работната заедница и органите на управувањето на стопанската организација.

Општ општествен надзор над распределбата на чистиот приход врши, во согласност со важечките прописи, општинското собрание непосредно, преку собирите на работните заедници и преку општинските комисии за спроведување на прописите за распределба на чистиот приход основани со Законот за формирањето на комисии за спроведување на прописите за распределба на чистиот приход на стопанските организации и установите.

18. Општинските комисии ги разгледуваат ставовите и решенијата што ги усвоиле работните колективи, особено при утврдувањето на политиката за распределба на чистиот приход, им укажуваат на евентуалните недостатоци и ги упатуваат на изградување на што поефикасен и постимулативен систем за распределба.

Општинските комисии се должни да го известуваат општинскиот собор на работните заедници за текуштата проблематика на распределбата на чистиот приход во стопанските организации.

19. Републичките комисии за спроведување на прописите за распределба на чистиот приход им даваат на општинските комисии насочници, упатства и објасненија за спроведување на прописите за распределба на чистиот приход на стопанските организации и донесуваат решенија во вршењето на надзорот.

Сојузната комисија за спроведување на прописите за распределба на чистиот приход ги утврдува општите ставови и насочници и донесува упатства и објасненија за спроведување на прописите за распределба на чистиот приход на стопанските организации.

20. Ако општинската комисија оцени дека распределбата на чистиот приход што ја утврдила стопанска организација во својот правилник и што ја спроведува, значително или потрајно отстапува од усвоените општествени начела, таа ќе ѝ стави забелешки на стопанската организација и ќе го определи рокот во кој работничкиот совет е должен да заземе став по тие забелешки.

Работничкиот совет е должен во определениот рок да ја извести општинската комисија за својот став. Ако работничкиот совет не ги усвои забелешките на општинската комисија, е должен да го образложи својот став.

Ако општинската комисија не ги усвои причините на работничкиот совет, ќе го извести работничкиот совет на стопанската организација, општинскиот собор на работните заедници и републичката комисија за својот став и ќе даде потребно образложение.

21. Републичката комисија донесува решение за спорното прашање кое е конечно Врз основа на решението на републичката комисија стопанската организација е должна да изврши потребни усогласувања во својата распределба на чистиот приход, од денот на приемот на решението.

Републичката комисија го донесува решението за спорното прашање во рок од 30 дена од денот на приемот на извештајот од општинската комисија.

Ако републичката комисија не го донесе решението во рокот од ставот 2 на оваа точка ќе се смета дека ги усвојува причините на стопанската организација.

Решението на републичката комисија се доставува до стопанската организација и до Службата на општественото книговодство. Ако стопанската организација во рок од 30 дена од денот на приемот на решението не постапи по решението од републичката комисија, Службата на општественото книговодство ќе постапи според чл. 11 и 12 на Законот за општественото книговодство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/62).

22. По исклучок од одредбите на точ. 18 и 20 на ова упатство, распределбата на чистиот приход во претпријатијата што произведуваат за определени потреби на Југословенската народна армија ја разгледуваат и, по потреба, даваат забелешки и донесуваат решенија републичките комисии за спроведување на прописите за распределбата на чистиот приход. Пред заземањето на ставови републичките комисии се должни да прибаваат мислење од Државниот секретаријат за народна одбрана.

IV. Завршни одредби

23. Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престануваат да важат:

1) Упатството за спроведување на начелата и општите мерила за расподелба на чистиот приход во правилниците на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/62 и 28/62);

2) Упатството за документацијата што ја составуваат стопанските организации во врска со расподелбата на чистиот приход („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/62);

3) Упатството за примена на начелата и општите мерила за расподелба на чистиот приход во правилниците на стопанските организации за внатрешна трговија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/62);

4) Упатството за примена на начелата и општите мерила за расподелба на чистиот приход во правилниците на стопанските организации за надворешна трговија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62);

5) Упатството за примена на начелата и општите мерила за расподелба на чистиот приход во железничките транспортни претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62);

6) Упатството за примена на начелата и општите мерила за расподелба на чистиот приход во претпријатијата на поштенскиот, телеграфскиот и телефонскиот сообраќај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62);

7) Упатството за примена на начелата и општите мерила за расподелба на чистиот приход во правилниците на електростопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/62).

24. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 98
7 мај 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
др Миливој Рукавина, с. р.

Потпретседател,
Едвард Кардељ, с. р.

296.

Врз основа на членот 4 став 2 и членот 41 ст. 1 и 2, во врска со членот 37 став 2 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика, со Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство и со Сојузниот секретаријат за индустрија, Сојузниот секретаријат за трговија пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА КВАЛИТЕТОТ НА МАСТА И МАСЛОТО ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО, МАРГАРИНОТ, МАЈОНЕЗОТ, ШЕЌЕРОТ И ДРУГИТЕ САХАРИДИ, СЛАТКАРСКИТЕ ПРОИЗВОДИ, МЕДОТ, КАКАО-ПРОИЗВОДИТЕ И ПРОИЗВОДИТЕ СЛИЧНИ НА ЧОКОЛАДА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат најнужните услови што во поглед на квалитетот мораат да ги исполнуваат мастите и маслата од растително потекло, маргаринот, мајонезот, шеќерот и другите сахариди, слаткарските производи, медот, какао-производите и производите слични на чоколада (во понатамошниот текст. прехранбените продукти), како и најнужните услови за обезбедување и запазување на квалитетот и хигиенската исправност на прехранбените продукти.

Условите пропишани со овој правилник мораат да бидат исполнети во производството и во прометот на прехранбените продукти.

Член 2

За оние прехранбени продукти за кои со овој правилник не се пропишани условите на квалитетот и условите за обезбедување и запазување на квалитетот и хигиенската исправност, важат согласно условите пропишани со овој правилник за сродни прехранбени продукти.

За прехранбените продукти од ставот 1 на овој член производителските стопански организации се должни да донесат производителска спецификација пред почетокот на произведувањето на тие прехранбени продукти.

Производителните стопански организации се должни да донесат производителски спецификации и за оние прехранбени продукти за кои е тоа изречно предвидено со овој правилник.

Член 3

Бактериолошките норми за одделни прехранбени продукти (дозволениот број на одделни видови бацили во определена количина прехранбен продукт) се определуваат со посебни прописи.

Член 4

Ако за одделни прехранбени продукти со овој правилник не е пропишано поинаку, прехранбените продукти што ги пушта производителот во промет во оригинално пакување мораат на обвивката, садот или етикетата да имаат декларација на еден од јазиците на народите на Југославија.

Декларацијата содржи:

1) назив на прехранбениот продукт и негово трговско име, ако го има односниот прехранбен продукт;

2) назив (име) и седиште на производителот;

3) датум на производството, освен за шеќерот и другите сахариди и медот;

4) нето-количина (тежина, зафатнина) на прехранбениот продукт;

5) податоци за бојосувањето на прехранбениот продукт, ако прехранбениот продукт е бојосан со природни или вештачки бои или со смесови на бои;

6) податоци за конзервирањето и за хемискиот назив и употребената количина на средствата за конзервирање, ако прехранбениот продукт е конзервиран со хемиски средства;

7) вид и количина на материите од биолошка вредност додадени на прехранбениот продукт заради збогатување на неговиот состав;

8) основни состојки на прехранбените продукти и количина на тие состојки изразена во мерни единици или во проценти во однос на нето-количината на прехранбениот продукт, ако е тоа определено за прехранбениот продукт со овој правилник;

9) број и датум на регистрацијата, ако за прехранбениот продукт регистрацијата е задолжителна според одредбите од овој правилник или според важечките прописи за здравствениот надзор над прехранбените продукти;

10) рок на употребата на прехранбениот продукт и други податоци од интерес на потрошувачите, ако е тоа определено за прехранбениот продукт со овој правилник.

Декларацијата мора да биде лесно уочлива, јасна и четлива.

Текстот на декларацијата што се однесува на бојосувањето и конзервирањето на прехранбениот продукт (на пример: „Бојосано со вештачка боја", „Конзервирано со сорбинска киселина", и др.) мора да биде непосредно под називот на прехранбениот продукт. Големината и типот на буквите на тој текст мораат да бидат исти како на другиот текст на декларацијата, освен на текстот на називот на прехранбениот продукт и на производителот.

Член 5

Ако прехранбениот продукт не го пакува производителот, декларацијата мора да содржи, покрај податоците од членот 4 став 2 на овој правилник, и назив и седиште на оној што го пакувал прехранбениот продукт, како и датум на пакувањето.

Член 6

Ако нето-тежината на прехранбениот продукт што се пушта во промет во оригинално пакување не ја надминува тежината од 100 грама, декларацијата мора да ги содржува само: назив на прехранбениот продукт, назив (име) и седиште на производителот односно на стопанската организација што го пакувала прехранбениот продукт, и нето-тежина на прехранбениот продукт.

Член 7

Прехранбениот продукт што не се пушта во промет во оригинално пакување, мора да има декларација само кога е тоа предвидено со овој правилник.

Член 8

Производителската спецификација мора да содржува:

1) назив на прехранбениот продукт и негово трговско име, ако го има прехранбениот продукт;

2) назив и седиште на производителот;

3) нето-количина (тежина, зафатнина) на прехранбениот продукт, ако прехранбениот продукт се пушта во промет во оригинално пакување;

4) основни состојки на прехранбениот продукт и количина на тие состојки изразена во мерни единици или во проценти во однос на нето-количината на прехранбениот продукт, а ако прехранбениот продукт се произведува и се пушта во промет во повеќе квалитети — и основните состојки посебно за секој квалитет;

5) хемиски состав на прехранбениот продукт добиен со неговата анализа;

6) краток опис на технолошката постапка за произведување на прехранбениот продукт.

Член 9

Ако со овој правилник не е пропишано поинаку, забрането е бојосување, заблажување и ароматизирање на прехранбените продукти со вештачки средства, конзервирање на прехранбени продукти со хемиски средства и со зрачење со јонизирачки или ултравиолетни зраци, како и додавање на прехранбените продукти други хемиски средства.

Член 10

Одредбите од овој правилник се применуваат и на увезените прехранбени продукти, како и на прехранбените продукти наменети за извоз, ако за одделни прехранбени продукти не е определено поинаку со посебни прописи.

По исклучок од одредбата на ставот 1 од овој член, овој правилник нема да се применува на прехранбените продукти наменети за извоз ако прописите на земјата увозница или обичаите на странскиот пазар бараат отстапување од условите во поглед на квалитетите пропишани со овој правилник.

Член 11

Прехранбените продукти смеат да се транспортираат само со превозни средства што обезбедуваат запазување на нивниот квалитет и хигиенски исправности.

Член 12

Ако со овој правилник не е пропишано поинаку, неговите одредби се задолжителни за сите стопански организации, за другите правни лица и за граѓаните, што произведуваат и пуштаат во промет прехранбени продукти.

II. МАСТИ И МАСЛА ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Член 13

Мастите и маслата од растително потекло се производи добиени според соодветната технолошка постапка од семенки на сончоглед, соја, репка, афион, сусам, памучика, ликвиди и какаовец, од плодовите на маслинка и палми, од никулците на жито, од коските на разно овошје или од други семенки односно плодови.

1. Масти од растително потекло

Член 14

Маста од растително потекло што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има мириза, вкус, боја и изглед што се карактеристични за овој производ;

2) да не содржи повеќе од 0,3% вода и други испарливи материи;

3) степенот на киселоста да не е поголем од 1 и најниската точка на топењето да е 38°Ц;

4) да е рафинирана.

Хидрогенизираните масти не смеат да содржат катализатори во количината која може да се докаже според аналитичката метода.

Член 15

Маста од растително потекло се пушта во промет во дрвени или челични буриња или во дрвени сандаци кои мораат да бидат однатре обложени со пергаментна хартија, пергамин-хартија или со фолии од синтетички материјал.

Маста од растително потекло може да се пушта во промет и во лименки од бел, вернирен или алуминиумски лим, како и во обвивки од пергаментна хартија, пергамин-хартија или во фолии од синтетички материјал.

Член 16

Покрај податоците од членот 4 став 2 на овој правилник, декларацијата за маста од растително потекло мора да содржи и податоци за количината на додадените антиоксиданси и синергисти.

Ако маста е пакувана во буриња или сандаци, декларацијата мора да содржи и податоци за бруто тежината и дарата. Овие податоци се ставаат со шаблон по страната и на капакот на бурето, односно со шаблон или со огнен жиг врз челната страна од сандакот.

Член 17

Маста од растително потекло што се пушта во промет мора да биде означена според видот на суровината и технолошката постапка на производството (на пример: рафинирана кокосова маст, рафинирана хидрогенизирана маст од растително потекло и сл.).

2. Масла од растително потекло

Член 18

Маслото од растително потекло добиено од плодови на маслинка, пржени семки од тиква, семе од сусам и афион може да се пушта во промет како нерафинирано или како рафинирано масло.

Другите масла од растително потекло можат да се пуштаат во промет само како рафинирани масла.

Маслата од растително потекло можат да се пуштаат во промет и како мешани масла (член 23).

Член 19

Нерафинираното масло што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има миризба, вкус и боја карактеристични за суровината од која е произведено маслото;

2) на температурата од најмалку 20°Ц да не содржи видлива тиња, освен тиња што потекува од природен восок и заситени триглицериди на масни киселини а кој се топи на температура од 55°Ц и повторно не се појавува по изложувањето на температура од 20°Ц околу 24 часа;

3) степенот на киселоста на маслото од пржени семенки од тиква или семе од сусам и афион да не е поголем од 15, а на маслото од маслинки — од 20;

4) да не содржи повеќе од 1,5 неосапонливи состојки;

5) да не содржи повеќе од 0,3% вода и други испарливи материи.

Член 20

Според степенот на киселоста, нерафинираното масло од маслинки се пушта во промет под ознаката: „I квалитет", „II квалитет" или „III квалитет".

Степенот на киселоста на нерафинираното масло од маслинки на I квалитет не смее да биде поголем од 5, на II квалитет — од 10, а на III квалитет — од 20.

Член 21

Нерафинираното масло од маслинки што има степен на киселост поголем од 20 и другите нерафинирани масла што имаат степен на киселост поголем од 15, мораат пред пуштањето во промет да се рафинираат.

Член 22

Рафинираното масло што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има боја карактеристична за овој производ, а и вкус и миризба пријатни, благи и карактеристични за суровината од која е произведено маслото;

2) на температурата од најмалку 20°Ц да не содржи видлива тиња, освен тињата што потекува од природен восок и заситени триглицериди на масни киселини а кој се топи на температура од 55°Ц и повторно не се појавува по изложувањето на температура од 20°Ц околу 24 часа;

3) степенот на киселоста да не е поголем од 1;

4) да не содржи повеќе од 0,1 неосапонливи состојки;

5) да не содржи ниту во трагі средства употребени при рафинирањето.

Член 23

Мешаното масло од маслинки е производ добиен со мешање на нерафинирано масло од маслинки со други рафинирани масла.

Мешаното масло од маслинки што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да содржи најмалку 60% масло од маслинки;

2) да има светложолтикава до зеленикава боја, а вкус и миризба пријатни и карактеристични за маслото од маслинки;

3) на температурата од најмалку 20°Ц да не содржи видлива тиња, освен тиња што потекува од природен восок и заситени триглицериди на масни киселини а кој се топи на температура од 55°Ц и повторно не се појавува по изложувањето на температура од 20°Ц околу 24 часа;

4) степенот на киселоста да не е поголем од 10;

5) да не содржи повеќе од 1,5 неосапонливи состојки, повеќе од 0,50% сапун и повеќе од 0,3% вода и други испарливи материи;

6) да не содржи ниту во траги средства употребени при рафинирањето.

Член 24

Маслото од растително потекло се пушта во промет во дрвени буриња импрегнирани со водено стакло, железни буриња, лименки од бел, црн, верниран или алуминиумски лим, шишиња и садови од стакло или пластични маси.

Мешаното масло од маслинки може да се пушта во промет само во оригинално пакување.

Член 25

Маслото од растително потекло се пушта во промет под називот: „масло за јадење", рафинираното масло под називот: „рафинирано масло за јадење", а мешаното масло од маслинки под називот: „мешано масло од маслинки".

Пресуваното нерафинирано масло мора да ја има ознаката на суровината од која е произведено (на пример: „од маслинки", „од тиквини семенки" и др.).

Рафинираното масло што се пушта во промет со ознаката на употребената суровина, не смее да содржи примеси од други видови масла.

Член 26

Покрај податоците од членот 4 став 2 на овој правилник, декларацијата за маслото од растително потекло мора да содржи и податоци за количината на додадените антиоксиданси и синергисти, а за нерафинираното масло — и податоци за квалитетот (член 20) и за суровината од која е произведено маслото.

Ако маслото е пакувано во буриња, декларацијата мора да содржи и податоци за бруто-тежината и дарата. Овие податоци се ставаат со шаблон по страна и врз капакот на буриња.

III. МАРГАРИН

Член 27

Маргаринот е производ добиен со емулзирање на масти од растително или животинско потекло кој според конзистенцијата, миризбата и изгледот му е сличен на путерот.

Во производството на маргарин можат да се употребат емулгатори (лецитин, моноглицерити и диглицериди), млеко, сорбинска киселина до 0,12% односно соодветна количина нејзина сол — како конзерванс, дијацетил — заради ароматизирање и каротини (бетакаротин — анато).

При производството на маргаринот мора да му се додаде 0,3% скроб според тежината на готовиот производ.

Член 28

Маргаринот што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да содржи најмалку 82% маст;

2) да не содржи повеќе од 16% вода;

3) степенот на киселоста да не е поголем од 5;

4) да не содржи повеќе од 0,1% кујнска сол, а солен маргарин — повеќе од 2%;

5) да не содржи остатоци на растително или животинско ткиво.

Член 29

Маргаринот што се пушта во промет под називот: „витаминизиран маргарин" мора да содржи на 100 грама маргарин најмалку 4.000 ИЈ витамин А и најмалку 300 ИЈ витамин Д.

Член 30

Производот што се пушта во промет како маргарин со додатоци (какао, кисело млеко и сл.) мора да содржи најмалку 90% маргарин.

За произведување на маргарин со додатоци производителот е должен да донесе производителска спецификација.

Член 31

Производот што се пушта во промет под називот: „маргарин со путер" мора да содржи најмалку 10% путер.

Член 32

Маргаринот може да се пушта во промет само во парчиња во форма на коцка упакувани во пергаментна хартија, пергамин-хартија или во друг годен материјал.

По исклучок од одредбата на ставот 1 од овој член, маргаринот наменет за потребите на големите потрошувачи (хотели, ресторанти, болници и др.) може да се пушта во промет и во буриња и сандаци или во друга годна амбалажа.

Член 33

Декларацијата за маргарин мора да го содржи и рокот за употреба, како и податоци за количината на витамините и другите додатоци што се употребени во производството на маргарин.

Називот: „маргарин" во декларацијата мора да биде напечатен со букви од упадлива боја кои не смеат да бидат покуси од 15 мм ниту потесни од 2 мм.

Маргаринот од членот 31 на овој правилник мора да се декларира како маргарин со путер.

Ако маргаринот се пакува во буриња или сандаци, декларацијата мора да содржи и податоци за бруто тежината и дарата. Овие ознаки се ставаат со шаблон по страна и врз капакот од бурето, односно со шаблон или со огнен жиг врз челната страна на сандакот.

Член 34

Е забрането:

1) да се произведува или пакува маргарин во исти простории во кои се произведува односно пакува путер или маст, освен ако се произведува маргарин со путер;

2) да се употребува маргарин или произведувањето односно приготвувањето на прехранбените продукти и јадењата што се означени како прехранбени продукти односно јадења со путер, ако со посебни прописи не е определено поинаку.

IV. МАЈОНЕЗ

Член 35

Мајонез е мешаница на масло за јадење и жолчки од јајца, на која можат да ѝ се додадат оцет, кујнска сол, шеќер, лимонов сок, булјон и зачини.

На мајонезот можат да му се додадат како конзерванси сорбинска киселина до 0,12% или соодветна количина нејзини соли, а бензоева киселина или натриум бензоат во количина до 0,25%.

Мајонезот што се пушта во промет мора да содржи најмалку 75% маст, од која најмалку 50% масло, а не смее да содржи средства за згуснување.

Член 36

Мајонезот може да се пушта во промет само во оригинално пакување, и тоа во стаклени садови, алуминиумски вернирани туби или во садови од друг годен материјал.

По исклучок од одредбата на ставот 1 од овој член, трговските и угостителските стопански организации можат за потребите на еднодневна потрошувачка да произведуваат и пуштаат во промет мајонез кој не е во оригинално пакување ако имаат обезбедени хигиенски и разладни уреди за произведување и чување на мајонез.

Член 37

Декларацијата за мајонез мора да содржи и податок за рокот на употребата.

V. ШЕЌЕР И ДРУГИ САХАРИДИ

1. Шеќер

Член 38

Шеќерот, во смисла на овој правилник, е производ добиен според соодветната технолошка постапка од шеќерна репка или од шеќерна трска кој содржи најмалку 99,60% чиста сахароза.

Член 39

Според квалитетот, шеќерот може да се пушта во промет како конзумен рафиниран шеќер и конзумен бел шеќер.

Шеќерот може да се пушта во промет како шеќер во кристал, обликуван шеќер и мелен шеќер (шеќер во прав).

Член 40

Конзумниот рафиниран шеќер што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) масата на шеќерот да е од потполно бела боја;

2) да содржи најмалку 99,80% чиста сахароза (мерено со поларимета);

3) да не содржи повеќе од 0,08% вода;

4) да не содржи повеќе од 0,02% пепел;

5) бојата во екстинкција според Ланге — да е најмногу 0,050;

6) да има благ вкус и да нема туѓа миризба и вкус, механички примеси и средства за белење и бојосување;

7) да не содржи повеќе од 0,05% инверт;

8) водениот раствор (еден дел шеќер на два дела вода) да е бистар, со благ вкус и без тиња, а реакцијата на лакмусот неутрална.

Член 41

Конзумниот бел шеќер што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) масата на шеќерот да е од потполно бела боја;

2) да содржи најмалку 99,60% чиста сахароза (мерено со поларимета);

3) да не содржи повеќе од 0,20% вода;

4) да не содржи повеќе од 0,15% пепел;

5) бојата во екстинкција според Ланге — да е најмногу 0,10;

6) да има благ вкус и да нема туѓа миризба и вкус, механички примеси и средства за белење и бојосување;

7) да не содржи повеќе од 0,05% инверт;

8) водениот раствор (еден дел шеќер на два дела вода) да е бистар, со благ вкус и без тиња, а реакцијата на лакмусот неутрална.

Член 42

Според големината на кристалите (гранулацијата), сортираниот шеќер во кристал се пушта во промет со ознаката: „ФФ", и „Ф" или „Г", а несортираниот — со ознаката: „Н".

Кај сортираниот шеќер најмалку 80% од шеќерот сочинуваат кристали од соодветна големина. Сортирањето на шеќерот според големината на кристалите се врши на следниов начин:

Вид	Минува низ сито со големина на отворите во mm	Останува во сито со големина на отворите во mm
Г	2,2	1,4
Ф	1,4	0,8
ФФ	0,8	—

Член 43

Обликуваниот шеќер (шеќер во коцка и сл.) во поглед на квалитетот мора да им одговара на условите пропишани со овој правилник за конзумен рафиниран шеќер (член 40).

Мелениот шеќер е сомелен конзумен рафиниран шеќер.

Мелениот шеќер се пушта во промет како шеќер во прав чии делчиња се помали од 0,15 mm или како крупици на шеќер чии делчиња се големи од 0,15 до 0,30 mm.

Член 44

Релативната влажност на воздухот во складот во кој се сместува шеќерот не смее да биде поголема од 75%.

2. Скроб и производи од скроб

Член 45

Скробот е производ во вид на прав зрно или кристали кој се добива според соодветната технолошка постапка со преработка на пченка, компир или пченица.

Во промет може да се пушта и скроб добиен со преработка на други годни суровини (ориз и др.).

Член 46

Скробот што се пушта во промет мора да биде од потполно бела боја и без туѓа миризба и вкус.

Пченкарниот скроб добиен со преработка на жито од пченка може да има слабо жолтикава нијанса.

Член 47

Пченкарниот скроб што се пушта во промет не смее да содржи повеќе од: 14% вода, 0,15% пепел, 0,3% маст, 0,40% протеин (N × 6,25), 0.01% слободен SO_2, ниту вкупни киселини во 1 милилитар 0,1 нормален NaOH на 100 грама скроб — повеќе од 10.

Член 48

Компировиот скроб што се пушта во промет не смее да содржи повеќе од: 20% вода, 0,30% пепел, 0,005 слободен SO_2, ниту вкупни киселини во 1 милилитар 0,1 нормален NaOH на 100 грама скроб — повеќе од 6.

По исклучок, компировиот скроб може да содржи и до 22% вода. Во тој случај при утврдувањето на тежината на производот се одбива сразмерно онолку колку што отпаѓа на вишокот на водата над 20%.

Член 49

Пченичниот скроб што се пушта во промет не смее да содржи повеќе од: 14% вода, 0,20% пепел, 0,10% маст, 0,40% протеин (N × 6,25), 0,0045% слободен SO_2, ниту вкупни киселини во 1 милилитар 0,1 нормален NaOH на 100 грама скроб — повеќе од 2,4.

Член 50

Скробовите шурупи се производи што се добиваат со делумна хидролиза на скробот.

Член 51

Скробовите шурупи што се пуштаат во промет мораат да ги исполнуваат следниве услови:

1) бонбонскиот шуруп мора да содржи од 32% до 44% редукувачки шеќери изразени како глукоза и пресметани на сува материја, а капиларниот шуруп — од 45% до 65%;

2) да содржат најмалку 80% сува материја;

3) да имаат слабо кисела реакција, а PH вредноста на нивните водени раствори во однос на 1 : 1 мора да биде помеѓу 4 и 5,5;

4) ако служат за непосредна човечка исхрана да не содржат во еден килограм повеќе од 40 милиграми SO_2, а ако се наменети за прехранбената индустрија — повеќе од 150 милиграми SO_2.

Член 52

Цврстите (исушените) скробови шурупи се аморфни производи добиени со сушење на скробовите шурупи, а мораат да содржат најмалку 96,5% сува материја.

Член 53

Мешаните шурупи се производи добиени со мешање на скробов шуруп, раствор на сахароза и инвертирана сахароза.

Во производството на мешани шурупи можат да се употребат и средствата за поправање на вкусот и миризбата. Во тој случај декларацијата мора да содржи и податоци за тие средства.

Ако мешаните шурупи служат за непосредна човечка исхрана не смеат да содржат во еден килограм повеќе од 40 милиграми SO_2, а ако се наменети за прехранбената индустрија — повеќе од 60 милиграма SO_2.

Член 54

Скробовиот шеќер е производ кој се добива со пототполна хидролиза на скробот.

Според содржината на чистата глукоза скробовиот шеќер може да биде обликуван скробов шеќер и кристален скробов шеќер (декстроза).

Член 55

Обликуваниот скробов шеќер се пушта во промет во форма на табли или во помали парчиња од различна форма и мора да ги исполнува следниве услови:

1) да е во бела до слабо-жолтикава боја;

2) да содржи најмалку 78% сува материја;

3) да содржи најмалку 70% редукувачки шеќери, изразени како глукоза и пресметани на сува материја;

4) да има слабо кисела реакција, а PH вредноста на водениот раствор во однос 1 : 1 мора да биде помеѓу 4,5 и 5,5;

5) да не содржи во еден килограм повеќе од 40 милиграми SO_2 ако е наменет за непосредна човечка исхрана, односно повеќе од 100 милиграми SO_2 ако е наменет за прехранбената индустрија.

Член 56

Кристалниот скробов шеќер (декстроза) е производ кој се добива со максимална хидролиза на скробот.

Кристалниот скробов шеќер се пушта во промет во форма на растресени бели кристали и мора да има вкус карактеристичен за кристален скробов шеќер.

Според содржината на чистата глукоза кристалниот скробов шеќер се пушта во промет како кристален скробов шеќер (декстроза) и дехидриран скробов шеќер (дехидрирана декстроза).

Кристалниот скробов шеќер мора да содржи најмалку 91% чиста глукоза, а SO_2 може да содржи само во траги.

Дехидрираниот скробов шеќер мора да содржи најмалку 99% чиста глукоза. Овој шеќер не смее да содржи SO_2 ниту во траги.

3. Бонбони

Член 57

Бонбоните, во смисла на овој правилник, се производи добиени со преработка на шеќер, скробов шуруп и други помошни суровини, со додавање на средства за постигање на изгледот, вкусот и миризбата карактеристични за одделен вид бонбони.

Како бонбонска маса, во смисла на овој правилник, се смета полупроизводот добиен од шеќер и скробов шуруп, кој служи за произведување на бонбони.

Член 58

Според начинот на произведувањето и видот на употребените полупроизводи и други помошни суровини и средства, бонбоните се пуштаат во промет како:

1) цврсти полни бонбони;
2) цврсти полнети бонбони (фуре);
3) драже-бонбони;
4) пластични бонбони (карамели);
5) пластично-еластични бонбони;
6) желе-бонбони;
7) кандирани фондан-бонбони;
8) панирани десертни бонбони;
9) со фондан превлечени десертни бонбони.

Член 59

Цврстите полни бонбони се изработуваат од бонбонска маса и од соодветни средства со кои се постигнува изгледот, миризбата и вкусот карактеристичен за одделен вид на овие бонбони.

Цврстите полни бонбони треба постапно да се топат в уста.

Цврстите полни бонбони се пуштаат во промет под трговското име што им одговара на карактеристиките за одделен вид од тие бонбони (дропс, рокс, сладни, ментол, и др.).

Член 60

Цврстите полнети бонбони (фуре) се состојат од внатрешен дел (полнење) и надворешен дел (плашт).

Полнењето може да биде чоколадно, овошно, млечно, медено и друго. Плаштот е изработен од бонбонска маса. Количината на полнењето мора да изнесува најмалку 18% од вкупната тежина на готовиот производ.

Полнењето не смее да биде приготвено со додаток на скробови материи.

Чоколадното полнење мора во поглед на квалитетот да им одговара на условите пропишани со овој правилник за чоколада.

Член 61

Драже-бонбоните се состојат од јатка (корпус) која е превлечена со шеќерен плашт.

Јатката може да биде изработена од шеќерна маса, бонбонска маса или овошје (бадем, лешник и сл.).

Кај драже-бонбоните што содржат јатка на лешник, бадем или друго јаткаво овошје, јатката мора да изнесува најмалку една половина од тежината на готовиот производ.

Член 62

Млечните карамели се пластични бонбони изработени од шеќер, скробов шуруп, млеко (згуснато млеко, млеко во прав), млечна маст и други додатоци карактеристични за одделен вид млечни карамели.

Млечните карамели мораат да содржат најмалку 2,5% млечна маст и 6% сува материја на млеко во однос на сувата материја на готовиот производ, а можат да содржат најмногу 6% вода.

Чоколадните млечни карамели, млечните карамели со кафе и млечните карамели со лешник, бадем или друго јатково овошје мораат во поглед на квалитетот да ги исполнуваат условите пропишани во ставот 2 на овој член и да содржат: чоколадните млечни карамели — најмалку 3% какао-маса, млечните карамели со кафе — најмалку 2% пржено мелено кафе, а млечните карамели со лешник, бадем или друго јаткаво овошје — најмалку 5% пржени мелени плодови.

Член 63

Овошните карамели се пластични освежителни бонбони изработени од шеќер, скробов шуруп и растителна маст со додаток на лимонска киселина и средства за ароматизирање (есенција) заради постигнување на соодветна арома.

Член 64

Пластично-еластичните бонбони се карамели од посебен вид кои се одликуваат со пластично-еластична конзистенција (гума за џвакање и др.).

Член 65

Желе-бонбоните се изработуваат од шеќер и скробов шуруп со додаток на дозволените средства за желирање (пектин, агар-агар и сл.) и средства за постигнување на изгледот, вкусот и миризбата карактеристични за овој вид бонбони.

Желе-бонбоните мораат да содржат најмалку 72% сува материја, а од тоа најмалку 60% шеќер, сметано како вкупен инвертен шеќер.

Член 66

Кандираните фондан-бонбони се изработуваат од шеќер и од скробов шуруп со додаток на средства за постигнување на изгледот и вкусот, а на површината имаат кристална структура која се постигнува со специјална постапка во текот на изработката.

Член 67

Панираните десертни бонбони се изработуваат од шеќер и скробов шуруп со додаток на средствата за постигнување на изгледот и вкусот, и по обликувањето а пред сушењето се посипуваат со шеќер во кристал по целата површина, така што кристалите на шеќерот да останат прилепени на површината од бонбоните.

Член 68

Со фондан превлечени десертни бонбони се бонбони чијашто мека маса, изработена од шеќер и скробов шуруп со додаток на помошни суровини (лешник, бадем, орев, кора од портокал и сл.), е превлечена со фондан.

Член 69

Е забрането да се произведуваат и пуштаат во промет бонбони што содржат:

1) нитробензол;
2) синтетички сапонин;
3) кумарин;
4) минерални материи со цел за зголемување на тежината;
5) вештачки средства за заблажување;
6) масла од горчливи бадеми.

Е забрането да се пуштаат во промет и бонбони кои поради лошата технолошка постапка или непрописното складирање ги загубиле своите првобитни карактеристики.

Член 70

Бонбоните и бонбонските маси можат да се бојосуваат со природни или вештачки бои со кои е дозволено да се бојосуваат прехранбените производи.

Член 71

Бонбоните мораат да се чуваат на суво и ладно место, не смеат да бидат изложени на влијание на сонце, влага и големи промени на температурата и не смеат да се држат близу стоки чија миризба можат да примат.

VI. СЛАТКАРСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 72

Слаткарски производи, во смисла на овој правилник, се локум, таан (кетен)-алва, бела алва и боза.

Член 73

Локумот е производ добиен од шеќер и соодветен вид скроб со додаток на средства и бои дозво-

лени за ароматизирање односно бојосување на прехранбените производи.

На локумот можат да му се додаваат јатка на орев, бадем, лешник, кикирики и сл.

Наместо шеќер (сахароза) при произведувањето на локум можат делумно да се употребат скробов шуруп и скробов шеќер.

Член 74

Локумот мора да содржи најмалку 70% од вкупниот шеќер (сахароза, глукоза, фруктоза и др.), не сметајќи го шеќерот во прав кој служи за обложување, а може да содржи најмногу 15% вода.

Локумот што се пушта во промет под ознаката: „локум со ореви", „локум со бадем" или сл., мора да содржи најмалку 3% од односните состојки (јатки на ореви, бадеми и сл.).

Член 7

Локумот се пушта во промет во оригинално пакување во картонски кутии кои однатре мораат да бидат обложени со целофан, пергамин-хартија или сличен материјал.

Декларацијата мора да содржи и податок за рокот на употребата.

Одредбите од ст. 1 и 2 на овој член не се однесуваат на слаткарските и угостителските претпријатија и дуќани.

Член 76

Таан-алвата е производ добиен од шеќер и сусамово (таан) масло според соодветната технолошка постапка со која се создаваат игличести делчиња кои на алвата ѝ даваат влакнава структура.

При произведувањето на таан-алва можат, заради постигнување на специјален вкус, миризба и конзистенција, да се употребат и лимонска киселина, пенливи материи (желатин, белтоци од јајца и соина белковина), корен од билката сапонарија, чоколада и какао во прав.

Наместо шеќер при произведувањето на таан-алва може да се употреби и скробов шуруп.

При произведувањето на таан-алва е забранета употребата на синтетички сапонин.

Член 77

Таан-алва што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) бојата да е крем до жолтеникаво-сивкава, со умерено благ вкус, со умерено масен изглед и да има миризба карактеристична за сусамово масло;

2) да содржи најмалку 50% шеќер и најмалку 40% сусамово масло;

3) да не содржи повеќе од 4% вода;

4) да нема миризба на бајатост, мувла или вжегнатост;

5) да нема горчлив вкус;

6) да не е сува или леплива;

7) да не содржи дебели влакна ниту парчиња од бонбонска маса.

Член 78

Таан-алвата мора да се чува на суво и проветрено место.

Декларацијата за таан-алва што се пушта во промет во оригинално пакување мора да содржи и податок за рокот на употребата.

Член 79

Белата алва е производ добиен со варење на бонбонска маса на која ѝ се додаваат пржени јатки од орев, бадем и сусамово семе, како и ароматизирачки и пенливи материи чија употреба е дозволена при произведувањето на таан-алва.

Белата алва што се пушта во промет мора да биде цврста и леплива маса во бела боја.

Член 80

Бозата е освежителна напивка добиена со природна ферментација на пченкарно, пченично или просово брашно во вода, со додаток од најмалку 10% шеќер (сахароза).

Бозата што се пушта во промет не смее според конзистенцијата да биде одвише ретка или одвише густа, мора да има миризба пријатна и не одвише кисела, а вкусот пријатен и освежителен.

Киселоста на бозата изразена како млечна киселина мора да биде од 0,45% до 0,75%.

VII. МЕД

Член 81

Медот, во смисла на овој правилник, е производ што го произведуваат пчелите од нектарот собран од медоносните билки.

Член 82

Медот што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да содржи најмалку 70% смес на фруктоза и глукоза, во кој смес мора да има повеќе фруктоза отколку глукоза;

2) да не содржи повеќе од 5% сахароза, 22% вода и 0,8% минерални материи;

3) да не содржи вкупни киселини во еден милилитар 0,1 нормален NaOH на 100 грама мед — повеќе од 4;

4) специфичната тежина да му е најмалку 1,390 (мерена на 20°Ц);

5) да има густо-течна конзистенција, а ако е искристализиран — на температура до 55°Ц повторно да преминува во течна состојба и при тоа да ги задржува сите карактеристики на медот;

6) да не му е додаден шеќер (сахароза);

7) да не е добиен со хранење на пчели со шеќер, ниту да е измешан со мед добиен на тој начин;

8) да е зрел;

9) да не е во состојбата на вриење или мувлосан;

10) да има миризба и вкус карактеристичен за медот и да нема туѓа миризба и вкус;

11) да не содржи туѓи примеси;

12) да не е во залежени саќи односно да не потекува од такви саќи;

13) да не е загаден со инсекти или со нивни делови, со измет од инсекти или глодачи;

14) да не е бојосан со кои и да е бои;

15) да не му се додавани средства за конзервирање и ароматизирање;

16) киселоста да не му е намалена со вештачки пат.

Член 83

Медот може да се пушта во промет како цеден мед, мед во саќи и гмечен мед.

Член 84

Како цеден мед може да се пушта во промет медот што е изваден од саќите со центрифугирање.

Цедениот мед може да се пушта во промет со ознаката: „I квалитет", „II квалитет" или „III квалитет".

Цедениот мед од I квалитет мора, покрај условите од членот 82 на овој правилник, да ги исполнува и следниве услови:

1) да е сосема бистар и наполно зрел;

2) да нема мани предизвикани со одвишно затоплување, ферментација или на некој друг начин;

3) да не содржи примеси на шумски мед;

4) специфичната тежина да му е најмалку 1,413;

5) да не содржи повеќе од 18,6% вода.

Цедениот мед од II квалитет мора да им одговара на условите определени за цеден мед од I квалитет, со тоа што да може да има помалка специфична тежина, но не помалка од 1,402, и да може да содржи повеќе вода, но не повеќе од 20,2%.

Цедениот мед од III квалитет е цеден мед кој не им одговара на условите пропишани за цеден мед од I квалитет или за цеден мед од II квалитет. Овој мед мора да има специфична тежина најмалку 1,390, а може да содржи најмногу 22% вода.

Член 85

Како мед во саќи може да се пушта во промет медот во оригинална состојба, како што го произведуваат пчелите, го сместуваат во клетки на незалежени саќи и го затвораат со воскови капаци.

Член 86

Како гмечен мед може да се пушта во промет медот добиен со гмечење и цедење од незалежени саќи и изваден од прости кошници.

Член 87

Декларацијата за медот мора да има и ознака за видот на медот (член 83) и реонот во кој е произведен медот, а за цеден мед — и ознака на квалитетот.

На називот под кој се пушта медот во промет може да му се додаде и поблиската ознака според медоносната билка од која претежно потекува медот („багремов", „липов" и др.). Медот со ваква ознака мора да содржи најмалку 80% мед што потекува од цутот на односната билка.

Медот што потекува од разни видови билки може поблиску да се означи со зборот: „цутов".

Член 88

Во промет може да се пушта и шумски мед (медиковец).

Шумски мед, во смисла на овој правилник, е производ на пчели добиен од медоносни состојки од иглоглисници (ела, смрека, бор и др.) и широколисници (даб, бука, јавор и др.).

Шумскиот мед што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има изглед на густо-течна маса во кафеава боја;

2) да содржи најмалку 60% смес на глукоза и фруктоза;

3) да не содржи повеќе од 20,2% вода, 10% сахароза, 13% декстрин и 1% минерални материи;

4) да не му е додаден шеќер (сахароза) и да не е добиен со хранење на пчели со шеќер, односно да не е измешан со мед добиен на тој начин;

5) да нема туѓа миризба и вкус;

6) да не содржи туѓи состојки;

7) да не е во состојбата на вриење или мувлосан;

8) да не потекува од залежени саќи;

9) да не е загаден со инсекти или нивни делови, со измет на инсекти или глодачи;

10) да не е бојосан со кои и да е бои;

11) да не му се додавани средства за конзервирање и ароматизирање;

12) киселоста да не му е намалена со вештачки пат.

Декларацијата за шумски мед мора да ја има ознаката: „шумски мед" или „медиковец".

Член 89

Е забрането:

1) за производите што ги исполнуваат условите предвидени со овој правилник за медот или шумскиот мед да го употребуваат називот: „мед" или сличен назив што наведува на тоа дека производот се смета како мед;

2) шеќерните производи кои според конзистенцијата и составот му се слични на медот да ги ароматизираат со ароми карактеристични за медот и да ги бојосуваат со вештачки бои за да ја добијат бојата на медот.

Член 90

На медот може да му се додаваат матичен млеч и цутов прав (пелуд). Додавањето на овие состојки не се смета како збогатување на составот на медот.

Декларацијата за медот на кој му се додадени матичен млеч односно цутов прав мора да содржи и податоци за количината на додадениот матичен млеч односно пелуд.

VIII. КАКАО-ПРОИЗВОДИ

Член 91

Како какао-производи, во смисла на овој правилник, се подразбираат:

1) какао-крш;
2) какао-маса;
3) какао-путер;
4) какао-прав;
5) чоколада;
6) чоколадни производи.

Член 92

Какао-зрно што се пушта во промет односно употребува при произведувањето на какао-производи мора да ги исполнува следниве услови:

1) да е исушено и исчистено од остатоците на плодот;

2) да нема непријатна туѓа миризба;

3) да не содржи повеќе од 15% оштетени зрна, со тоа што во таа количина да може да има до 3% мувлосани зрна и до 3% зрна нападнати од инсекти;

4) ферментацијата на какао-зрната да е извршена со најмалку 90%;

5) пред пржењето на какао-зрната да се отстранети расипаните зрна и туѓите состојки (делчиња на земја, прав и сл.), и по ситнењето на прженото какао-зрно да се отстранети лушпите на какао-зрната.

Ситнежот на какао-зрна кој не содржи повеќе од 30% лушпи и никулци може да се употреби како состојка при произведувањето на чоколада и кондиторски маси, и тоа најмногу до 2% во однос на вкупно употребената какао-маса.

Е забранета употреба на лушпи и никулци на какао-зрна при произведувањето на прехранбени продукти.

Член 93

Какао-производ може да содржи до 0,3% чист лецитин, а не смее да содржи минерални масла, ниту тие масла можат да се употребат при произведувањето на какао-производи.

Член 94

Кутиите во кои се ставаат поединечно пакувани или непакувани какао-производи мораат да бидат од картон или од друг годен материјал, без миризба.

Член 95

Какао-производите мораат да се чуваат на суво и ладно место, не смеат да бидат изложени на влијанието на сончевата светлина, влага, големи промени на температурата и не смеат да бидат близу стоки чија миризба можат да примат.

1. Какао-крш

Член 96

Какао-крш е производ кој се состои од пржени какао-зрна кои по пржењето се излупени, здробени и ослободени од никулци.

Какао-крш не смее да содржи повеќе од 2% лушпи и никулци на какао-зрна.

2. Какао-маса

Член 97

Какао-маса е производ добиен со мошне фино иситнување (мелење) на какао-крш.

Какао-маса мора да содржи најмалку 52% какао-путер.

3. Какао-путер

Член 98

Какао-путер е производ добиен исклучиво со пресување на какао-маса, без никаква дополнителна хемиска обработка.

Какао-путер кој се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има светложолтикава боја и да има миризба карактеристична за какао;

2) да не е вжегнат, кисел или мувлосан и да нема некарактеристичен изглед, миризба или вкус;

3) да не е добиен со екстракција;

4) степенот на киселоста да не е поголем од 8;

5) да не содржи повеќе од 0,2% вода и испарливи материи;

6) точката на топењето да му е помеѓу 31° и 35°Ц;

7) јодниот број да е помеѓу 34 и 38;

8) да не содржи повеќе од 0,9% неосапонливи материи;

9) рефракциониот степен да е на температура од 40°Ц од 47 до 47,5.

Член 99

При произведувањето на како-производи е забрането месго какао-путер да се употребат други масти, освен кога е тоа со овој правилник изрично дозволено, како и да се употреби екстрахиран какао-путер.

4. Какао-прав

Член 100

Какао-прав е производ добиен со мошне фино мелење на какао-погачи добиени од какао-маса или какао-крш.

Какао-прав може да се произведува и со дигерирање на какао-маса или какао-крш со алкалии, со тоа што таков какао-прав да не смее да содржи повеќе од 2,5% алкалии изразени како калиум карбонат, и солубилизираниот какао-прав да не смее да реагира на лакмусот алкално.

Член 101

Какао-прав што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да содржи најмалку 16% какао-маст;

2) да не содржи повеќе од 8% вода и 8% пепел, а солубилизираниот какао-прав — повеќе од 11% пепел и 0,3% песок во однос на безмасната сува материја;

3) да не содржи состојки на скроб, желатин и слични материи, туѓи минерални материи и бои, туѓи масти или некакви други материи кои можат да придонесат да се зголеми тежината, да се прикрие лошиот квалитет или да се постигне привидно подобар квалитет;

4) да не е вжегнат, кисел или мувлосан, загаден со инсекти или со нивни измет, и по изгледот, вкусот или миризбата да не е толку изменет да е негоден за исхрана.

Во промет може да се пушта и какао-прав кој содржи помалку од 16% какао-маст, но не помалку од 10%. Декларацијата за таков какао-прав мора да ја има ознаката: „немасен какао-прав". Какао-прав кој содржи помалку од 10% какао-маст не смее да се пушта во промет за непосредна потрошувачка.

Член 102

Е дозволено да се пушта во промет:

1) заблажен какао-прав односно смес на какао-прав и шеќер, со тоа што таков производ да може да содржи најмногу 60% шеќер, а мора да содржи најмалку 6% какао-маст;

2) смес на какао-прав, шеќер и млеко во прав, со тоа што таков смес мора да содржи најмалку 20% какао-прав и најмалку 5% какао-маст, а може да содржи најмногу 50% шеќер.

Член 103

Какао-прав и смес на какао-прав со шеќер или со шеќер и млеко во прав можат да се пуштаат во оригинално пакување.

Декларацијата за овие производи не смее да содржи ознаки кои би упатувале дека производот претставува чоколада (на пример: „чоколада во прав" и сл.).

Декларацијата за смес на какао-прав мора да содржи и податок за составот на смесот.

Ако во смесот на какао-прав е употребено обрано млеко во прав, таквиот производ мора да се декларира како: „заблажен какао-прав со обрано млеко во прав".

5. Чоколада

Член 104

Чоколадата е производ добиен со специјална техничка обработка на смес на какао-маса и шеќер, со додаток или без додаток на какао-путер.

Посебни видови на чоколада се млечна чоколада, чоколада во прав, десертна чоколада и чоколаден прелив.

Член 105

Чоколадата што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да содржи најмалку 35% какао-маса и 22% какао-маст;

2) да не содржи повеќе од 60% шеќер, со тоа што од таа количина до 30% шеќер да може да биде заменето со соодветна количина кристален скробов шеќер;

3) да не содржи повеќе од 2% вода;

4) да не содржи повеќе од 0,3% песок, сметано на безмасна сува материја без шеќер;

5) да не содржи пепел за 20% повеќе од количината на пепелот што ја содржи какао-масата на чоколадата.

Млечната чоколада, чоколадата во прав, десертната чоколада и чоколадниот прелив мораат да ги исполнуваат посебните услови во поглед на содржината на какао-масата, какао-маста, шеќерот, млечната маст и сувата материја на млекото.

Член 106

Млечната чоколада е производ добиен со соодветна технолошка обработка на смес на какао-маса, шеќер и млеко.

Млечната чоколада мора да ги исполнува следниве услови:

1) да содржи најмалку 16% сува материја на млеко, а од оваа количина најмалку 3,2% млечна маст;

2) да содржи најмалку 25% какао-маса, со тоа што наместо какао-маса да може да се употреби смес на какао-маса и какао-путер во таков однос да содржи производот најмалку 15% какао-маса и најмалку 30% вкупна маст:

3) да не содржи повеќе од 50% шеќер.

При произведувањето на млечна чоколада може да се употреби згуснато засладено млеко, згуснато незасладено млеко или млеко во прав.

Млечната чоколада што се пушта во промет како: „млечна чоколада со милерам" мора да содржи најмалку 5,5% млечна маст.

Член 107

Чоколадата во прав е смес на какао-маса и шеќер која по обработката на валјци не се хомогенизира и не се обликува.

Чоколадата во прав мора да ги исполнува условите од членот 105, а млечната чоколада во прав — условите од членот 106 на овој правилник.

Член 108

Десертната чоколада е чоколада од мошне фина структура која може да содржи најмногу 50% шеќер, а мора да содржи најмалку 50% какао-маса или најмалку 50% смес на какао-маса и какао-путер, со тоа што во готовиот производ да мора да има најмалку 35% какао-маса и 30% какао-маст.

Член 109

Чоколадниот прелив (кувертира, тунк-маса) може да содржи најмногу 50% шеќер, а мора да содржи најмалку 33% какао-маса — при соодветна количина на какао-путер, така што готовиот производ да мора да содржи најмалку 35% какао-маст.

Млечниот чоколаден прелив (млечна тунк-маса) може да содржи најмногу 60% шеќер, а мора да содржи најмалку 3,2% млечна маст, 31,8% какао-маст и 10% какао-маса.

Член 110

На чоколадата можат да ѝ се додадат кафе, лешник, ореви, бадеми, суво грозје, корки од портокал, кандирано овошје или слично, со тоа што во готовиот производ да не може да има помалку од 16% ниту повеќе од 30% од овие состојки.

Чоколадата со лешник мора да ги исполнува условите пропишани за млечна чоколада.

Чоколадата со кафе мора да содржи најмалку 2% фино сомелено пржено кафе.

Декларацијата за чоколада која ги содржи состојките од ставот 1 на овој член мора да ја има ознаката: „чоколада со лешник", „чоколада со корка од портокал" или слично.

Член 111

Чоколадата може да се ароматизира со ванила, ванилин или етил-ванилин.

Ароматизирање на чоколада со други дозволени ароми мора посебно да се декларира.

Член 112

Чоколадата со бел пласт на искристализиран шеќер или какао-маст не се смета за расипана ако според квалитетот и вкусот им одговара на условите пропишани со овој правилник за соодветниот вид на чоколада.

Член 113

Чоколадата во табли се пушта во промет во парчиња со нето-тежина од 10 до 1.000 гр. Секое парче на чоколада мора да биде посебно завиткано во алуминиумски или калаен лист или целофан, пергамин-хартија или сличен материјал, а однадвор завиткано со заштитна обвивка со етикета.

Разликата помеѓу фактичната тежина на чоколадата и тежината означена во декларацијата не смее кај табла до 100 гр да биде поголема од 3%, а кај табла над 100 гр поголема од 2%.

Кај чоколада со додаток на јаткаво или друго овошје разликата помеѓу фактичната тежина на чоколадата и тежината означена во декларацијата не смее кај табла до 100 гр да биде поголема од 5%, а кај табла над 100 гр поголема од 4%.

Чоколада во блокови наменета за понатамошна преработка може да се пушта во промет и во парчиња потешки од еден килограм.

6. Чоколадни производи

Член 114

Чоколадни производи, во смисла на овој правилник, се полнета чоколада и чоколадни десерти.

Член 115

Полнета чоколада е производ кој се добива на тој начин што цврстото или полуцврстото полнење од фондани или трајни кондиторски односно други годни маси ќе се превлече со чоколаден прелив или на друг начин ќе се покрие со чоколаден пласт, така што готовиот производ да мора да содржи најмалку 30% чоколадна маса.

Член 116

Масата за полнење не смее да содржи материи што ја намалуваат хранливата вредност на полнетата чоколада (брашно, сахарин и сл.).

Масата за полнење може да се бојосува со боите што се дозволени за бојосување на прехранбените продукти.

Член 117

Полнетата чоколада се пушта во промет во табли со нето-тежина од 10 до 1.000 гр. Секоја табла мора да биде посебно завиткана во алуминиумски или калаен лист или целофан, пергамин-хартија или сличен материјал, а однадвор завиткана со заштитна обвивка со етикета.

Разликата помеѓу фактичната тежина на полнетата чоколада и тежината означена во декларацијата не смее кај табла до 100 гр да биде поголема од 5%, а кај табла над 100 гр поголема од 4%.

Во декларацијата на полнетата чоколада мора да биде видно означено дека производот е полнета чоколада и видот на полнењето (на пример: „чоколада полнета со фондан" и сл.).

Член 118

Чоколадните десерти се производи што се добиваат на тој начин што на помалите кондиторски производи ќе им се примеша чоколадна маса или што одделни течни, полутечни, цврсти или полуврсти полнења ќе се превлечат со чоколаден прелив односно ќе се влеат во шупливите чоколадни обвивки од разни форми.

Чоколадните полнети десерти мораат да содржат најмалку 40% чоколадна маса, а чоколадните превлечени десерти — најмалку 25% од таа маса.

Член 119

Чоколадниот десерт кој поединечно се пакува мора да биде завиткан во алуминиумски или калаен лист, а ако се пакува во кутија мора да биде нареден така што за време на транспортот да остане неоштетен и да биде овозможено хигиенско ракување при продажбата.

Поединечно пакуван чоколаден десерт до 50 гр тежина не мора на обвивката да ги има податоците од членот 4 на овој правилник.

Член 120

Ако количината на алкохолот во чоколадниот производ преминува 0,5% сметано како апсолутен алкохол, количината на алкохолот мора да биде декларирана.

IX. ПРОИЗВОДИ СЛИЧНИ НА ЧОКОЛАДА

Член 121

Дозволено е производството на прехранбени продукти слични на чоколада.

Производите слични на чоколада мораат во прометот да ги исполнуваат следниве услови:

1) да содржат најмалку 21% маст;
2) да содржат најмалку 5% какао-прав;
3) да не содржат повеќе од 60% шеќер.

Член 122

Производите слични на чоколада се пуштаат во промет во оригинално пакување.

Декларацијата за производите слични на чоколада мора да ги содржи податоците за основните состојки.

На обвивката од производите слични на чоколада мора да се наоѓа ознаката: „Шеќерна табла". Оваа ознака мора да се наоѓа во средината на просторот за декларација Големината на буквите на оваа ознака мора да биде кај пакувања над 125 гр најмалку 15 мм, а кај пакувања до 125 гр најмалку 10 мм.

На обвивката од производите слични на чоколада е забрането да се ставаат ознаките: „чоколада", „какао", „чоколаден десерт" и сл.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 123

Одредбите од овој правилник не се однесуваат на прехранбените продукти произведени пред почетокот на неговото применување.

Член 124

Со денот на почетокот на применувањето на овој правилник престануваат да важат одредбите од чл. 140 до 148 и одредбите од главите VIII, IX и XV од Правилникот за квалитетот на прехранбените продукти и за условите за нивното производство и промет (Додаток на „Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/57 и „Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/57, 36/57, 13/58, 32/58 и 18/59).

Член 125

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на неговото објавување во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2031
18 април 1963 година
Белград

Сојузен секретар за трговија,
Марјан Брецељ, с. р.

297.

Врз основа на членот 6 од Уредбата за спроведување на Законот за фондовите за ризици во трговските претпријатија за промет на земјоделски прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63), во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за трговија пропишува

УПАТСТВО

ЗА ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМЕТОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО НА РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНАТА НА ТИЕ ПРОИЗВОДИ ПОРАДИ КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ ЗА РИЗИЦИ

1. Посебната евиденција за прометот на земјоделски прехранбени производи што е должно трговско претпријатие да ја води според членот 3 од Уредбата за спроведување на Законот за фондовите за ризици во трговските претпријатија за промет на земјоделски прехранбени производи (во понатамошниот текст: уредбата), мора да се води по производителите со кои трговското претпријатие склучило договор за производство и испорака на земјоделските производи, и тоа посебно за секој од тие производи.

Со евиденцијата од ставот 1 на оваа точка особено се обезбедуваат следниве податоци:

1) договорената количина на производите;

2) количината на примените производи;

3) вредноста на примените производи според договорената цена;

4) зависните трошоци за набавката на производите;

5) износот на определената маржа;

6) набавната вредност на производите наголемена за износот на определената маржа (3 плус 4 плус 5);

7) вредноста на производите по продажната цена;

8) позитивната разлика во цената (7 минус 6);

9) негативната разлика во цената (6 минус 7).

2. Посебното пресметување на негативната разлика во цената во смисла на членот 4 од уредбата се врши врз основа на рекапитулацијата на податоците наведени во точката 1 став 2 под 6 до 9 на ова упатство.

Средствата на фондот за ризици можат да се користат во текот на пресметковниот период само ако е вкупниот износ на негативната разлика во цената поголем од вкупниот износ на позитивната разлика во цената, утврдени во смисла на ставот 1 од оваа точка, и тоа до височината на износот кој се добива кога од вкупниот износ на негативната разлика во цената се одбие вкупниот износ на позитивната разлика во цената (салдо).

3 Ако со пресметувањето на разликата во цената, извршено во смисла на членот 5 од уредбата, се утврди дека износот на негативната разлика во цената за кој можат да се користат средствата на фондот за ризиците е помал од износот на негативната разлика во цената што е користен врз основа на посебната пресметка од точката 2 на ова упатство, трговското претпријатие е должно повеќе користените средства да ги уплати во корист на фондот за ризици.

Ако со пресметувањето од ставот 1 на оваа точка се утврди дека износот на негативната разлика во цената е поголем од износот на негативната разлика во цената што е користен врз основа на посебната пресметка од точката 2 на ова упатство, трговското претпријатие за покривање на разликите помеѓу тие износи ќе ги користи средствата на фондот за ризици.

4. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1846/1
13 мај 1963 година
Белград

Сојузен секретар за трговија,
Драгутин Косовац, с р

298.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА АМБАЛАЖАТА ОД ДРВО

1. Во Решението за југословенските стандарди од областа на амбалажата од дрво („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/63) во точката 3 на крајот точката се заменува со запирка и по тоа се додаваат зборовите: „освен стандардите:

Сандак за пекарски квасец, со содржина од 4 кр — — — — — JUS D.F1.321

Сандак за пекарски квасец, со содржина од 8 кр — — — — — JUS D.F1.322

Сандак за пекарски квасец, со содржина од 12 кр — — — — — JUS D.F1.323

Сандак за пекарски квасец, со содржина од 20 кр — — — — — JUS D.F1.324

кои влегуваат во сила на 1 мај 1964 година.".

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06—3454/1
8 мај 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

299.

Врз основа на членот 21 став 2 од Основниот закон за заштита на добитокот од заразните болести („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54 и 52/61), во согласност со Сојузниот секретаријат за внатрешни работи во смисла на членот 3 став 2 од Основниот закон за прекршоците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/59), Сојузната управа за работите на ветеринарството пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПАСОШИТЕ ЗА ДОБИТОК

Член 1

Во промет можат да се пуштаат само оние копитари (коњи, магарињa, маски и мули) и чапункари (говеда, биволи, овци, кози и свињи) за кои сопственикот односно корисникот има пасош за добиток.

Сопственикот односно корисникот на копитарите и чапункарите од ставот 1 на овој член е должен да има пасош за добиток и ако тој добиток го коле на кланица или на друго место а месото е наменето за јавна потрошувачка.

Како промет на копитари и чапункари (во понатамошниот текст: добитокот) во смисла на овој правилник се подразбира промената на сопственоста односно на правото на користење на добитокот или промената на местото на престојот на добитокот.

Член 2

Добитокот, во смисла на овој правилник, се дели на крупен и ситен добиток.

Како крупен добиток се подразбираат копитарите, а од чапункарите — говедата и биволите.

Како ситен добиток се подразбираат овци, кози и свињи.

Член 3

Пасошот за добиток е јавна исправа со која се докажува дека добитокот е здрав, местото на потеклото на добитокот како и сопственоста односно правото на користење на добитокот.

Како доказ дека добитокот е здрав пасошот важи 10 дена од денот на издавањето односно продолжувањето на важењето.

По истекот на една година од денот на издавањето, пасошот за добитокот не може повеќе да се употреби за целите од членот 1 на овој правилник.

Член 4

Се смета дека во пасошот означениот добиток е здрав ако не болува или ако не постои сомнение дека е заразен со некоја од заразните болести кај добитокот наведени во членот 3 од Основниот закон за заштитата на добитокот од заразните болести (лигавка и шап, чума кај говедата и свињите, сакагија, беснило, итн.) и во прописите донесени врз основа на него, ако не потекува од заразен двор и ако според ветеринарно-санитарните прописи нема пречки за негово пуштање во промет.

Како место на потеклото на добитокот се смета подрачјето на оној орган на управата надлежен за издавање на пасоши за добиток на кое добитокот престојувал последните 40 дена.

Член 5

Пасошот за добиток го издава општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството односно месната канцеларија на чие подрачје се наоѓа местото на потеклото на добитокот.

Член 6

Пасошот за добиток се издава по барање од сопственикот односно корисникот на добитокот според образецот што е напечатен кон овој правилник и негов е составен дел.

Образецот на барањето за издавање на пасошот за добиток го пополнува сопственикот односно корисникот на добитокот, или на негово усно барање органот надлежен за издавање на пасошот за добиток.

Подносителот на барањето е должен на органот надлежен за издавање на пасошот за добиток да му го покаже стариот пасош за добиток (поединечен или собирен, домашен или странски), како и секоја друга исправа издадена од орган на ветеринарната служба за добитокот за кој бара пасош за добиток, ако располага со таква исправа.

Подносителот на барањето е одговорен за точноста на податоците во барањето.

Заради проверување на податоците или точноста на описот на добитокот, органот надлежен за издавање на пасошот за добиток може по исклучок да определи да му се приведе добитокот.

Член 7

Органот од членот 5 на овој правилник ќе издаде пасош за добиток и за добитокот што не потекува од неговото подрачје во еден од следниве случаи:

1) ако поединечен пасош за добиток се издава врз основа на собирен пасош за добиток или ако собирен пасош се издава врз основа на поединечни пасоши за добиток;

2) ако на пасошот за добиток нема место за пренесување или ако пасошот за добиток е толку оштетен (искинат, завалкан и сл.) да станал неупотреблив.

Член 8

За добитокот за чиј сопственик односно корисник не се знае или за добитокот што се изложува на присилна јавна продажба пасошот за добиток го издава органот на управата надлежен за издавање на пасошот за добиток на чие подрачје се наоѓа добитокот, врз основа на одобрението и податоците за добитокот што ги дава надлежниот ветеринарен инспектор.

Член 9

Органот надлежен за издавање на пасоши за добиток не смее да издаде пасош за добиток ако добитокот не е здрав (член 4 став 1), ако потекува од подрачје на кое е забранет или ограничен прометот на добиток или ако добитокот се отпрема во такво подрачје или преку такво подрачје.

По исклучок од одредбата на ставот 1 од овој член, органот надлежен за издавање на пасоши за добиток може, и покрај пречките од ставот 1 на овој член, да издаде пасош за добиток ако општинскиот ветеринарен инспектор, во смисла на прописите донесени врз основа на членот 11 став 2 на Основниот закон за заштитата на добитокот од заразните болести, дозволи пуштање во промет на добиток кој оболел од некоја заразна болест, или за кој се сомнева дека оболел или дека можел да се зарази.

Член 10

Ако органот надлежен за издавање на пасоши за добиток одбие да му издаде на подносителот на барањето пасош за добиток, ќе му издаде за тоа решение на подносителот на барањето.

Против ова решение подносителот на барањето може во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да му изјави жалба непосредно на повисокиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството.

Член 11

Пополнувањето на пасошот за добиток, пренесувањето на сопственоста односно на правото на користење и отпишувањето на запишаните грла мора да се врши четливо, и тоа со мастило или со пишувачка машина.

На пасошот за добиток не смее да се натисне факсимилот на лицето овластено за издавање на пасошот за добиток, туку тоа мора да го потпише.

Член 12

За крупен добиток се издава пасош за добиток посебно за секое грло, освен за цицанчиња, што се запишуваат во истиот пасош со мајката.

Во еден пасош за добиток можат да се запишат повеќе грла ситен добиток (собирен пасош за добиток), со тоа што тие мораат да бидат од ист вид и на ист сопственик односно корисник.

Член 13

Секоја промена во сопственоста односно правото на користење на добиток мора да се запише во пасошот за добиток, и врз опачината од пасошот за добиток мора да се наведе името на новиот сопственик односно називот на корисникот на добитокот.

Ако се отпишува едно или повеќе грла од собирниот пасош за добиток, отпишувањето се врши врз опачината од стариот собирен пасош за добиток, со назначување на бројот на отпишаните грла, фамилијарното и роденото име на новиот сопственик односно називот на корисникот на добитокот и бројот, местото и датумот на издавањето на новиот пасош за добитокот.

За прасиња, јагниња или јарињa до 6 недели старост, што им се продаваат на пазари на граѓани за лична потрошувачка, пасошот за добиток не мора да се пренесува врз купувачот.

Член 14

Продолжувањето на важењето на пасошот за добиток како доказ за здравствената состојба на добитокот, внесувањето на промените во поглед на сопственоста односно правото на користење и другите настапени промени (на пр.: промена на бојата, ново жигосување, шкопење, губење на уво итн.), како и на името на местото во кое се отпрема добитокот, ги врши општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството односно месната канцеларија на чие подрачје се наоѓа добитокот.

Сопственикот односно корисникот на добитокот е должен да му го поднесе пасошот за добиток на органот од ставот 1 на овој член заради внесување на настанатите промени во поглед на надворешниот изглед на добитокот — во пасошот во рок од 10 дена од денот на настанатата промена.

Член 15

Во текот на транспортирањето на добитокот продолжувањето на важењето на пасошот за добиток како доказ за здравствената состојба на добитокот или означувањето на местото во кое се отпрема добитокот го врши овластениот орган на ветеринарната инспекција надлежен според местото каде се наоѓа добитокот односно надлежната месна канцеларија.

Ако при транспортирањето треба да се отпишат одделни грла од собирниот пасош за добиток (пцоисано грло, колење од нужда, потреба од растоварување на превозното средство и сл.), отпишувањето го врши овластениот орган на ветеринарната инспекција надлежен според местото каде се наоѓа добитокот.

Член 16

Ако за време на транспортирањето на добитокот настапи прираст (телење, ждребење итн.), приновеното грло се запишува во пасошот на мајката. Оваа промена во пасошот за добиток ја запишува општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството односно месната канцеларија на чие подрачје е упатен добитокот.

По исклучок, ако добитокот се транспортира со средства на јавниот сообраќај, оваа промена ќе ја запише овластениот орган на ветеринарната инспекција надлежен според местото каде се наоѓа добитокот.

Член 17

Отпишувањето од собирниот пасош за добиток на грло отуѓено (со подарок, продажба и сл.) односно пцоисано или утепано односно исчезнато го врши општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството односно месната канцеларија на чие подрачје грлото е отуѓено односно пцоисало или е утепано односно исчезнало.

Отпишувањето од собирниот пасош за добиток на грлата заклани на кланица го врши лицето овластено за преглед на добитокот за колење и за преглед на месо.

Член 18

На сопственикот односно на корисникот на добитокот на кој исчезнал пасошот за добиток (загубен, уништен, украден и сл.), му се издава на негово барање нов пасош за добиток, ако претходно исчезнатиот пасош за добиток го огласил за неважен.

Дупликатот на пасошот за добиток го издава органот што го издал исчезнатиот пасош за добиток.

Врз дупликатот од пасошот за добиток се става со црвено мастило ознаката: „Дупликат".

Член 19

Странски пасош за добиток важи на територијата на Југославија ако е потврден од југословенската гранична ветеринарна служба.

Член 20

Во странски пасош за добиток не може да се врши пренесување на сопственоста односно на правото на користење, ниту може да се продолжува неговото важење. Врз основа на странски пасош за добиток мора да му се издаде на сопственикот односно на корисникот на добитокот нов пасош за добиток ако увезениот добиток се пушта во промет.

Отпишување на грло од странски собирен пасош за добиток се врши на ист начин како и од домашен собирен пасош за добиток.

Член 21

Ако на подрачјето од органот за издавање на пасошот за добиток, ниту на подрачјата на соседните органи односно соседните општини, нема заразна болест кај добитокот, ќе се стави на пасошот за добиток за добитокот наменет за извоз клаузулата за незаразеноста на односното подрачје, која гласи: „На подрачјето на органот (назив на органот и на општината) и на подрачјата на соседните органи односно на соседните општини (да се наведат називите на органите и општините), за последните 40 дена немало заразни болести кај добитокот за кои постои обврска за пријавување, а кои можат да се пренесат врз видот на добитокот опишан во овој пасош.".

Образец на барањето за издавање на пасош за добиток
(формат 210×297 mm)

Б А Р А Њ Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ ЗА ДОБИТОК

Молам да ми се издаде пасош за добиток за означениот добиток, во врска со што ги давам следниве податоци:

Податоци за сопственикот односно корисникот	Фамилијарно и родено име на сопственикот или назив на корисникот	Живеалиште на сопственикот или седиште на корисникот	Број на личната карта на сопственикот на добитокот односно број на личната карта на овластеното лице на корисникот на добитокот, негово фамилијарно и родено име и функција кај корисникот на добитокот; назив и седиште на органот што ја издал личната карта
Опис на добитокот	Број, вид, пол, боја и старост		Особени знаци
Место на потеклото на добитокот			
Каде се упатува добитокот			
Ветеринарни прегледи	1) Извршено бележење на грлото против ——— на денот ——— од ——— 2) Извршено дијагностичко испитување на ——— на денот ——— од ——— 3) Извршен задолжителен ветеринарен преглед на ——— на денот ——— од ———		
Пасошот за добиток се издава врз основа на	— изјава од сопственикот — корисникот — пасошот за добиток (поединечен — собирен) издаден од ——— СР ——— — одобрение на ветеринарниот инспектор на општината ——— бр. ——— од ———		

Изјавувам дека наведените податоци се точни, дека означениот добиток е здрав и дека не потекува од заразен двор.

За точноста на податоците одговарам во смисла на казнените одредби од Правилникот за пасошите за добиток.

На денот ———

(Штембил на органот што го издава пасошот за добиток) Потпис на подносителот на барањето, ———

Врз основа на чл. 5 и 6 од Правилникот за пасошите за добиток („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63) и барањето на сопственикот односно корисникот на добитокот издаден е сточниот пасош бр. ———

(М. П.) Потпис на овластениот службеник, ———

Образец на пасошот за добиток
(формат 210 × 297 mm)

(Штембил на органот што го издава пасошот за добиток)

(Такса натисната)

Врз основа на чл. 5 и 6 од Правилникот за пасошите за добиток („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63) и барањето на сопственикот односно корисникот на добитокот, се издава

ПАСОШ ЗА ДОБИТОК

Податоци за сопственикот односно корисникот	Фамилијарно и родено име на сопственикот или назив на корисникот	Живеалиште на сопственикот или седиште на корисникот	Број на личната карта на сопственикот на добитокот односно број на личната карта на овластеното лице на корисникот на добитокот, негово фамилијарно и родено име и функција кај корисникот на добитокот; назив и седиште на органот што ја издал личната карта
Опис на добитокот	Број, вид, пол, боја и старост		Особени знаци
Место на потеклото на добитокот			
Каде се упатува добитокот			
Ветеринарни прегледи	1) Извршено бележење на грлото против ——— на денот ——— од ——— 2) Извршено дијагностичко испитување на ——— на денот ——— од ——— 3) Извршен задолжителен ветеринарен преглед на ——— на денот ——— од ———		
Пасошот за добиток се издава врз основа на	— изјава од сопственикот — корисникот — пасошот за добиток (поединечен — собирен) издаден од ——— СР ——— — одобрение на ветеринарниот инспектор на општината ——— бр. ——— од ———		

Со ова се тврди дека означениот добиток е здрав, дека потекува од незаразен двор и дека може да се пушти во промет.

Овој пасош за добиток важи како доказ за здравјето на добитокот 10 дена од денот на издавањето.

Важењето на пасошот за добиток како доказ за здравјето на добитокот може да се продолжува само една година од денот на неговото издавање.

Потпис на овластениот службеник,

(М. П.) ———

Клаузулата за незаразеноста се става врз опачината од пасошот за добиток.

Член 22

Одредбите од овој правилник важат и за добитокот што се извезува во странство, ако со конвенциите склучени со други држави не е пропишано поинаку.

Член 23

Органот надлежен за издавање и пренесување на пасошот за добиток е должен да води евиденција за издадените и пренесените пасоши за добиток.

Начинот на водењето на евиденцијата од ставот 1 на овој член ќе го пропише Сојузната управа за работите на ветеринарството.

Член 24

Собирните пасоши за добиток од кои се отпишани сите грла, откако ќе се поништат претходно, се чуваат една година во архивата на органот што го извршил последното отпишување.

Член 25

Собирниот пасош за добиток се издава на образецот што е напечатен кон овој правилник и негов е составен дел.

Обрасците на пасошите за добиток што се во употреба можат да се употребуваат додека не се потрошат, а најдоцна до 31 декември 1964 година.

Член 26

Корисникот на добиток односно сопственикот на добиток — граѓанско правно лице ќе се казни за прекршок со парична казна до 50.000 динари ако:

1) во барањето за издавање на пасошот за добиток даде неточни податоци (член 6);

2) изврши промена во поглед на правото на користење односно на сопственоста на добитокот без запишување на оваа промена во пасошот за добиток (член 13);

3) пушти добиток во промет:

а) без продолжување на важењето на пасошот за добиток во поглед на здравјето на добитокот (член 3 став 2);

б) со пасош за добиток на кој му истекол рокот на важењето (член 3 став 3);

в) со пасош за добиток во кој не се внесени промените настанати во поглед на надворешниот изглед на добитокот (член 14 став 2).

За прекршок од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна до 10.000 динари и одговорното лице кај корисникот на добитокот односно во граѓанско правно лице.

Член 21

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок сопственик на добиток — граѓанин што ќе стори некое од дејствијата од членот 26 на овој правилник.

Член 28

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за пасошите за добиток („Службен лист на ФНРЈ", бр. 7/51).

Член 29

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 01-440/1
15 март 1963 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за
работите на ветеринарството,
др **Сава Михаиловиќ**, с. р.

СОДРЖИНА

Страна

277. Уредба за спроведување на Законот за фондовите за ризици во трговските претпријатија за промет на земјоделски прехранбени производи — — — — — — 409
278. Уредба за измени и дополненија на Уредбата за поставањето и работата на емисините радиостаници — — — — — — 409
279. Уредба за измена на Уредбата за работните односи и за наградувањето на уметничкиот персонал — — — — — — 410
280. Одлука за воспоставување дипломатски односи помеѓу социјалистичка Федеративна Република Југославија и Државата Кувајт и за отворање дипломатски претставништва во ранг на пратеништво во тие земји — — — — — — — — — 410
281. Одлука за Советот за прашањата на иселениците — — — — — — — — — 410
282. Одлука за условите за признавање и определување на пензија според чл. 80 и 132 на Законот за пензиското осигурување 411
283. Одлука за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата — — 412
284. Одлука за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за кредитирање на пречекорувањата на трошоците за изградба на гарантираните инвестиции — — — — — — — — — 412
285. Одлука за насочниците за употреба на средствата на Општиот инвестиционен фонд за финансирање на определени инвестиции — — — — — — — — — 413
286. Одлука за Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1963 година за унапредување на земјоделството и шумарството — — — — 414
287. Одлука за Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1963 година за водостопанство — — — 414
288. Одлука за издатоците што не се признаваат во трошоци при облогот со данок на доход — — — — — — — — — 414
289. Одлука за условите под кои Заедницата на Југословенските железници врши посебно насочување на употребата на товарните коли на Југословенските железници — 414
290. Одлука за рокот за враќање на кредитите одобрени на заводите за социјално осигурување за покривање на кусоците — — 415
291. Одлука за престанок на важењето на Одлуката за користење на средствата по сметките и други депозити на земјоделските организации — — — — — — 415
292. Одлука за престанок на важењето на Одлуката за доделување посебен додаток на службениците на сојузните органи на управата — — — — — — — — — 415
293. Одлука за дополнение на Одлуката за нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации — 416
294. Одлука за дополнение на Одлуката за давање регрес при купувањето на вештачко ѓубре и средства за заштита на растенијата за потребите на земјоделството и шумарството — — — — — — — — — 416
295. Упатство за спроведување на начелата за распределба на чистиот приход на стопанските организации — — — — — — 416
296. Правилник за квалитетот на маста и маслото од растително потекло, маргаринот, мајонезот, шекерот и другите сахариди, слаткарските производи, медот, какао-производите и производите слични на чоколада — — — — — — — — — — 418
297. Упатство за водење евиденција и за пресметување на разликата во цената на тие производи поради користење на средствата на фондот за ризици — — — — 428
298. Решение за дополнение на Решението за југословенските стандарди од областа на амбалажата од дрво — — — — — — 429
299. Правилник за пасошите за добиток — — 429

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓуриќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград